MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

January 04, 2024 ■ Volume 41, Issue 3 (463) ■ Free www.macedonianewspaper.com




Фото и изработувач на пештерата, отец Емил Атанасов, парохиски свештеник во МПЦ Св. Никола, Виндзор.

**Македонија**

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска*
*главен и одговорен уредник.*

*Техничко уредување и дизајн Соња Лозановска*

Our address:
**Macedonia**
**1840 Bloor Street,**
**Suite 711**
**Mississauga, ON**
**L4X 1T2**
Tel. :416-827-0954
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited


# Македонија

## Месечен весник на Македонците во Канада.
## Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.

## СРЕЌНА НОВА 2024 ГОДИНА!

**Почитувани читатели,**
**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

## Голема благодарност до нашите соработници:

***Танас Јовановски***
- поранешен уредник на весникот ,,Македонија'', колумнист
***Протаставрофор Илија Донев*** - *соработник за верата*
***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија
***Зоран Андоновски*** – соработник
***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми''(Постхумно, архивирани необјавени материјали)
***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник
***Боне Темелков*** - *СМК-Канада*

Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува
***Никола Ѓурѓај***
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија:
***Стојко Стојков***
***Блага Дафовска*** *во рубриката ,,Поезија со повод,,*
***Славе Катин*** - *соработник публицист*
Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***
***Каролина Ристеска- ,,Направи сам,,***

## ,,MACEDONIA,, AVAILABLE AT THESE LOCATIONS

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue Toronto, ON M4K 3V2 East York

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1


**Phone: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
**Macedonia**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**

# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА/ПАТРИЈАРШИЈА И ЈУСТИНИЈАНА ПРИМА

## БОЖИКНО ПОСЛАНИЕ 2024/3

11 АПРИЛ 2023 ГОДИНА, ОХРИД, МАКЕДОНИЈА

**† СТЕФАН,**

Христос е нашиот мир, Кој нè измири со Својот Отец, преку Своето воплотување .

**Возљубени празникољупци,**



Со раѓањето на Синот Божји – Господ Исус Христос, Божјата светлина го огреа сиот свет. Бог Словото слезе на земјата и стана Човек, за да го обнови единството на Бога со човекот, зашто, според зборовите на свети Григориј Богослов, пред овој спасителен настан се беше отворила „голема и непремостлива провалија" , меѓу Создателот и првиот Адам. Но, со раѓањето на Богомладенецот се објави Божјата неизмерна добрина и Неговото човекољубие победи. Затоа и нашиот свети Климент Охридски, созерцавајќи го Рождеството Христово, воскликнува: „Радувај се, првосозтаден Адаме, бидејќи ти не беше оставен во адот! Ете, твојот Спасител и Избавител доаѓа да се роди од Дева; и Бог станува Човек, за да ја обожи човечката природа" .

Па, да се радуваме со непоминливата радост од таа Витлеемска ноќ, со радоста на ангелите, со радоста на пастирите, со радоста на мудреците, да се радуваме со сите коишто во изминативе дваесет столетија се радуваа на тој спасоносен и неповторлив настан!

Возљубени во Господа,

Гледајќи го чудесното и надумно раѓање на Богомладенецот, во Витлеем Јудејски, ангелите ја запеаја небесната химна на животот. Опколувајќи ги јаслите како херувимски престол, небесните сили посведочија пред целото создание дека неискажливиот и неспознатлив Бог дојде и се всели помеѓу нас. Ова е небесна глетка од која запира здивот, зашто таа ја надминува логиката на овој свет. Зарем може човекот вистински да го разбере Божјото воплотување, па колку и да се труди? Зашто Христос не дојде како гостин, само за да нè посети и незабележително да замине. Дојде за да остане со нас во сите дни до свршетокот на светот . Та, тоа значи и Неговото име Емануил – со нас е Бог . Но, што ја прави оваа тајна уште поголема и понеразбирлива за човекот? – Тоа што сесилниот Бог и Господ на вселената не дојде како моќен владетел за да ја наметне Својата волја и да ја покори нашата волја. Тој дојде како слуга, смирен и кроток, за уште еднаш да му ја покаже на човекот Својата неискажлива љубов, со која некогаш го создаде, и да го потсети дека и тој е повикан кон таа љубов. Дојде како Младенец, предавајќи се во прегратките на Богородица и доверувајќи му се Себеси на човекот. И се покажа дека сѐ што доаѓа од небесата и од Бога е секогаш спасоносно и вечно, зашто вечен е и самиот Бог!

Возљубени чеда на Христа Богомладенецот,

Такви се Божјата љубов и Божјата доверба кон човекот. Но, како човештвото Му возвраќа на Бога за тоа? Како луѓето го примија овој највозвишен дар Божји? Зашто, Бог со Своето воплотување еднаш засекогаш му се даде на човекот, постанувајќи во сè сличен на него освен во гревот . Ако се задлабочиме во евангелските текстови, може да препознаеме неколку групи на луѓе, според тоа како во она време човештвото ја прими веста за Христовото воплотување.

Во првата група се сите коишто им се придружија на ангелите и заедно со нив покажаа дека небесата и земјата можат заедно да ликуваат. Тие се покажаа достојни за Божјата доверба и за подадената рака од Бога кон човекот. Во оваа група се и неуките пастири, но и источните мудреци. Првите, кога на чудесен начин дознаа за уште почудесното раѓање, со радост поитаа кон Богомладенецот и се удостоија да се приопштат кон небесните хорови. Со својата вера, тие се покажаа помудри од многумина учени луѓе. Но, тие не се единствените кои Го познаа воплотениот Бог Којшто се роди во Витлеемската пештера. Кон ангелскиот хор се приклучија и источните мудреци, за кои црковното предание вели дека биле најумните луѓе на своето време. Скромната средина во која се роди Христос, за нив не беше пречка во Него да Го познаат вистинскиот Бог и Спасител – Владетелот и Создателот на светот.

Но, за жал, меѓу луѓето имаше и такви кои не се радуваа за Христовото раѓање. Избезумен од оваа вест и загрижен за својата земна власт, царот Ирод побрза за да ѝ стави крај на оваа небоземна радост и ја пролеа крвта илјадници невини деца. Во Евангелието среќаваме уште една група на луѓе – оние кои, заслепени од животните грижи, не покажаа интерес за раѓањето на Богочовекот. Едни од нив одбија да го примат , а други побараа да си замине од нив . Овие согледувања природно го отвораат прашањето: Зарем Богочовекот Христос дојде за да го подели човештвото? Зарем дојде за да создаде свои приврзаници и свои противници? Се разбира дека не! Напротив! Христос дојде за да биде со нас и да остане со нас. Да нè соедини со Себе и да нè обедини во Себе. Но, само доколку тоа е и наша волја.

Возљубени чеда на Македонската Православна Црква,

Иако поминаа повеќе од две илјадалетија од овој Божествен настан, нештата во светот не се променети. Така е зашто човечките добродетели, но и човечките слабости, остануваат исти во секоја епоха, а слободата е неотповиклив дар Божји за човекот. И денес гледаме страшни поделби во светот. Изгледа како омразата да царува, а љубовта да згаснува. Се чини дека човештвото никогаш не било толку поделено и спротивставено. Братоубиствените војни леат реки од невина крв, која не е различна од онаа на витлеемските младенци. Поделби гледаме и внатре во Црквата. Православието никогаш не доживеало толкава подвоеност и внатрешно нееединство. За жал, поделбите на различни основи не ја одминуваат ниту нашата македонска земја. А духовното и национално единство ни е попотребно од било кога, за да можеме како Црква и како народ да опстоиме и да зачуваме сѐ што е наше – македонско. Па се поставува прашањето: што можеме да направиме тука ние како Црква? Можеме да го направиме токму тоа за што сме повикани – да се обединиме и да се обединуваме, онака како што некогаш се обединија луѓето и ангелите пред Витлеемската пештера. Само така ќе го исполниме Христовиот повик од Гетсиманија: да бидат сите едно . Вакво обединување е можно само со Христа и во Христа, Кој единствен го помири небесното со земното.

Токму во името на мирот и на добрата волја, во средината на 2022 година се збидна и прифаќањето во канонско единство и признавањето на автокефалниот статус на нашата Света Црква, со што таа повторно беше вброена помеѓу помесните Православни Цркви. Таа подадена рака во името на љубовта, даде можност да се надмине повеќегодишната поделба на православните христијани во нашата Македонска Црква, да си простиме и меѓусебно да се измириме, та, еве, сега повторно заедно да му се радуваме на овогодишниов Божик.

Па, само луѓе и народи во кои и помеѓу кои е присутен Христовиот мир, имаат добра волја, и го бранат и го чуваат мирот и со Бога, и во себе и со сите околу себе! Амин!

***ХРИСТОС СЕ РОДИ!***
***Честито и од Бога благословено Новото 2024-то лето Господово!***

## СВЕТИ КЛИМЕНТОВАТА ВЕЧЕР 2023 СО РЕКОРДНА ПОСЕТА ДОСЕГА

***Македонците оддадоа достојна почит кон Свети Климента, патронот на катедралната црква Свети Климент Охридски од Торонто и заштитник на Македонија, Градот Охрид и Македонската Православна Црква***









На 8-ми и 9-ти декември минатата година со сите почести беше прославен големиот македонски верски празник Свети Климент Охридски кој е патрон на најголемата македонска православна црква, Свети Климент Охридски во Торонто.

Во таа чест се одржаа божествени литургии во храмот славеник на кои присуствуваа парохијани и верници од македонската заедница во Канада.



Годинашен кум беше Зоран Трифуновски со неговото смејство кој на свеченоста по повод патрониот ден, му се заблагодари на Свети Климента и на Бога за новата рожба со која ги дарувале.

На свечениот банкет што се одржа во големата банкетна сала окитена во свечено, празнично руво и исполнета до последното место, најнапред беа интонирани канадската и македонската химна, за потоа од страна на свештените отци присутни на Свети Климентовата Вечер да биде благославен славскиот леб, виното и пченицата и притоа кумството за следната година го превзде Охриѓанецот Никола Јосифовски со неговото семејство. На говорницата со пригодни Свети Климентови пораки се обратија свештените отци од црквата домаќин, отец Сашо Целески и отец Александар Тодоровски, претседателот на црковната управа Борис Стоикос и кумот Зоран Трифуновски.

Програмата ја водеше младиот и родољубиво прекален тандем потпретседателот на црковната управа во Свети Климент Охридски Кристијан Роштанковски и Христина Велјановска, претседателка на АМСУТ.



Следуваше доделување на благодарници, Светиклиментови икони за најзаслужните во работењето на црквата Свети Климент Охридски, особено во најтешкиот период што е зад нас, годините на пандемијата. Достојната благодарност им беше оддадена на следните лица:

Владе Димитриевски,Душко Петкоски, Живко Мојанчевски , Брајан Пандовски,Митко Роштанковски,Евда Гушевски,Лидија Брашнарски Гурбанска,Никола Јосифоски, Александар Бакрески, Зоран Карапанчев, Славе Димитров, Тина Нанов, Зоран Трифуновски и Зоран Петковски.

Во уметничкиот дел на програмата со рецитал пригодни



















празнични песнички, соло точки и драмски моменти се претставија учениците од неделното училиште кое го предводи учителката Снежана Тешковиќ. За прв пат премиерно учениците настапија со Свети Климентова песна, а во продолжение со песните Вечниот Бог, Божиќна песна, Песна за Дедо мраз, Jingle bells, We wish you a Merry Christmas. Голема беше радоста да се слушнат нивните прекрасни гласови и извонредна изведба. Исто така Марија Лазаревска се претстави со две композиции на пијано. Вечерта беше збогатена со драмската изведба " Волкот и мачката" од Ангелина и Јован Тодоровски, а Изабела Петровска со рецитаолот "Децата ве молат"и Ана Јордановска "Од убаво поубаво има". Парохискиот свештеник отец Александар Тодоровски според зборовите на госпоѓа Тешовиќ овозможил огромна помош и поддршка при подготвувањето и вежбање на песните.

Фолклорниот Ансамбл ,,Македонка,, со неколкуте свои поставии се претстави со песни и игри од Македонија, а особено беше автентичен настапот на ,,Калајџиското,, оро со познатиот танц со тепсиите.



Претседателот на црквата Свети Климент Борис Стоикос на свеченоста прими вримен мотив цвеќе од номинараниот за Нобелова награда македонски сликар Живко Цветин. Истата му ја врачи писателката Вера Самарџанин.

Во забавниот дел којштo следуваше по богатата посна вечера настапија Соња и Оливер Бенд и Стив Штуревски со македонски песни и ора од сите делови на Македонија.















# Неделно училиште по македонски јазик во црквата Св. Климент Охридски од Торонто



**Пишува и уредува Снежана Тешовиќ учителка во недленото училиште во Свети Климент Охридски, Торонто**

## СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ!



**Почитувани читатели**!

Неделното училиште по Македонски јазик во последниот месец од годината што измина имаше бројни и разновидни активности. Една од најзначајните активности беше прослава на патрониот празник на нашата Македонска Православна црква Свети Климент Охридски во Торонто.Во богатата културно уметничка програма посебен и значителен придонес дадоа и нашите ученици. За прв пат премиерно учениците настапија со Свети Климентова песна а во продолжение со песните Вечниот Бог, Божиќна песна, Песна за Дедо мраз, Jingle bells, We wish you a Merry Christmas. Голема беше радоста да се слушнат нивните прекрасни гласови и извонредна изведба. Исто така Марија Лазаревска ни се претстави со две композиции на пијано. Вечерта беше збогатена со драмската изведба " Волкот и мачката" од Ангелина и Јован Тодоровски а Изабела Петровска со рециталот "Децата ве молат"и Ана Јорданоска "Од убаво поубаво има" Изминатиов месец посебен печат остави и учество на нашето училиште на Традиционалната Божиќна прослава со членовите на Литературното друштво Браќа Миладиновци. На прославата нашата поетеса госпоѓата Вера Самарџанин, член на друштвото им подари книги на сите дечиња и други пригодни Новогодишни подароци. Во овој период од годината активностите беа насочени кон нашиот најголем Христијански празник -Божиќ. Кои подготовки ги правиме? Како го прославуваме Божиќ и Нова година? Како се поздравуваме за Божиќ?

-Ги опишуваме обичаитеи атмосфератаво домот.















По повод празниците во нашата училница украсивме Новогодишна елка на голема радост и задоволство за сите ученици. Исто така пишувавме Новогодишни и Божиќни честитки. Нека празничните денови ни бидат исполнети со радост,мир и љубов во нашите срца. Христос се роди! Навистина се роди!



**Нова, нова годино,**
**ќе те молам прости,**
**донеси го кај нас Дедо Мраз на гости.**
**Нека дојде побргу силно ќе го гушнам,**
**сакам една приказна од него да слушнам.**
**Па нека се одмори дури ветрот коси**
**и прашај го дали подароци носи.**

FINO fine foods
Proudly supporting the Macedonian Youth in Canada!
www.finofinefoods.com

VAC DEV

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# Bill Hristovski




## Join the VAC Dev Team!

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## VAC Developments Ltd careers

*Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Planner Production - Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Manual Machinist*
Oakville, ON • Full-time

*Estimator Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Deburrer Grinding Technician - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Assembler Part Markers -Aerospace*
Oakville, ON • Full-time













**Hello to our Macedonian community and all of our friends!**

As we gather with our loved ones during this joyous Christmas season, we extend heartfelt greetings on behalf of the Executive and the Board of Directors from St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral.
With the Birth of Our Lord, Jesus Christ, Christmas is a time of salvation, renewed hope, reflection, gratitude and love.

From our family to yours we extend our warmest heartfelt Christmas wishes for the holiday season to you and your families May the light of our Lord shine upon you and your family this Christmas Season.

**Wishing you a blessed and Merry Christmas, and New Year!**
**Za Mnogu Godini!**

**Boris Stoikos, President**
**St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral**

## Возљубени браќа и сестри православни Македонци во Христа Богомладенецот, Христос се роди! Да Го славиме!



Иако Он кај нас доаѓа во потполно смирение, повиен во пелени и роден во пештера, Он е моќното стебло од коренот Јесеев. Земајќи ја нашата човечка природа од Неговата Пресвета Богородица и Приснодева Марија, Он ги зеде и ги носи сите страдања и гревови на човештвото низ сите векови. Он дојде да ја врати нашата човечка природа во нејзината првобитна убавина. Пророкот Исаија вели: „Нема во Него ни убавина, ниту величие...“ (Ис 53, 2), но со таа понизност Синот Божји стана Син Човечки. Коренот на Неговата човечка природа е неговата света Мајка, онаа која Го роди во тело во пештера во Витлеем Јудејски.

Но, од овој корен, од сува и девствена земја, произлегоа првите плодови на оние што во смрт беа заспани (1 Коринтјаните 15, 20).
Зашто Господ во пештера се роди за од друга пештера да стане. Он како доенче во пелени беше повиен, а објавувајќи го Своето воскресение во гробот погребните „пелени“ ги остави (Јн 20, 5). Лежеше во постилка - користена за хранење на немите бесловесни животни – застана на крстот за да можеме да се нахраниме со Неговото свето Тело и Неговата скапоцена крв, објавувајќи го Неговото воскресение.
Затоа, возљубени христијани, со благодарност и чест да го примиме родениот во пештера преку Неговата света Богородица. Неговата човечка природа е нашата човечка природа и нема ништо што Он не може да го направи целосно и чисто. Да Му се поклониме со сето свое срце, ум и душа, дарувајќи Му се сецело. Како што земјата Му ја даде Витлеемската пештера, раѓајќи се Он во неа, така и ние, дарувајќи Му го нашето срце, нашата духовна пештера, нека се роди во нас и нека ни го донесе Неговиот мир. Мирот којшто во овие денови ни е повеќе од потребен, во време кога светот е обвиен со тага и со страдање. Но да не заборавиме, дека ние треба да сме оние кои Богомладенецот Христос треба да Го проповедаме, Неговата љубов и мир, но, пред се', со нашите животи.

**Честит да ни е Божик и благословено да биде новото 2024 лето Господово. Христос се роди! Да Го славиме!**
**--fr. Sašo Celeski parish priest at Macedonian Orthodox Church "St. Clement of Ohrid"**



## Божиќна Честитка

Возљубени во Христа Бога браќа и сестри, почитувани Македонци и сите православни христијани, Ви го честитам големиот Христијански празник Рождество на Нашиот Господ Исус Христос - Божик, и Ве поздравам со христијанскиот поздрав: Христос се роди!
Богомладенецот Христос, ни ја донесе радоста што само христијаните можат да ја имаат, бидејќи го вкусија исполнувањето на сите старозаветни пророштва коишто се случија во денот кога Христос ни се роди, и тоа раѓањето Христово е исполнување на сите очекувања на човештвото од Адама до Христа Господа.

Господ пронајде начин најпогоден за да ни се открие целосно себеси, начин што нема да ја загрози нашата егзистенција и нашиот живот, примајќи ја природата на човекот, станувајќи човек и воплотувајќи се или вотеловувајќи се како што се изразуваат најсветите философи на црквата.
Тој во Витлеем примајќи ја нашата природа ни'се откри Целиот без остаток и влезе во историјата на светот и во историјата на човештвото на начин најприфатилив за човекот и за светот.
Христос Бог да живее во нашите срца и секогаш одново во нив да се раѓа како во јаслите од Витлеемскиот вертеп.
Нека ни' е честит и благословен празникот! Господ да го исполни светот и луѓето со Својот Божествен мир, да истури изобилие на благодат Божја во душите и срцата на сите Македонци и на сите луѓе кои и да се'и каде и да живеат.

**Протоерej Александар Тодоровски**






## СРЕЌНА НОВА ГОДИНА!

Многу почитувани Македонци, драги верници и парохијани на црквата Св. Недела,
Ја користам оваа прилика на сите да ви ја честитам Новата 2024-та година и Божикните празници.
Ве очекуваме во голем број, за Коледе, Божик, Стара Нова Година, како и сите претстојни празници и организирани прослави во нашата убава црква.
Вашето присуство е повеќе од добродојдено.
Нека ни' се среќни и бериќетни Новогодишно-Божикните празници.

**Со почит од претседателот на црковната управа во Св. Недела, Ејџекс, Славе Бунтески.**



## ХРИСТОС СЕ РОДИ! НАВИСТИНА СЕ РОДИ!

Драги браќа и сестри Македонци, најнапред да ви ја честитам новата 2024 година, да ви посакам успех, мир и напредок и добро здравје. Изминатата година, со Божја помош и помош од сите верници ја завршивме одлично и во нашата Македонска Православна црква Света Недела. Ни' претстои период на празници, молитва, Богослужби, а се разбира и подароци. Како што се пее во кондакот на Христовото Раѓање "Ангелите си пастирите славословуваат, мудреците со звездата патуваат" и ние како ангелите да го славиме Бога, кој заради нас се роди, а најдобро ќе го прославиме со учеството во светата Литургија, измирувањето со нашите ближни и помагањето на нашите преубави храмови. Христос се Роди, за многу години Македонци и нека ни' е благословена новата 2024-та година.

**Александар Зашов- парохиски свештеник во МПЦ Света Недела, Ејџекс**

## ПОЧИТУВАНИ МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ, СРЕЌНИ БОЖИЌНИ И НОВОГОДИШНИ ПРАЗНИЦИ!



Драги членки на женската секција од нашата прекрасна Македонска Православна Црква Света Недела со вашите ценети семејства,
Во име на женската секција управа како и во мое лично име Ви ги честитам
Новогодишно-Божикните празници
со најубави желби за добро здравје
и среќа.
Ве поканувам сите заедно и во оваа година да работиме за добробит на нашата црква.
Нека ни се благословени празниците кои што претстојат.

**Со почит од претседателката на женската секција во Св. Недела, Ејџекс Милица Попоска**

**Среќна Нова Година ви пожелува пензионерското друштво ,,Canadian Macedonian Seniors,, при МПЦ Света Недела, од Ејџекс со претседателот Славе Темелковски.**



Почитувани Македонци во зрелото доба, повелете зачленете се во нашето новоформирано друштво, заедно да поминеме квалитетни и со дружба исполнети средби.
Среќни празници и за многу години!
**Христос се роди!**
**Навистина се роди!**

Славе Темелковски, претседател на **пензионерското друштво ,,Canadian Macedonian Seniors,,при МПЦ Света Недела, од Ејџекс**

## Женската секција при МПЦ Света Недела,

## организира:

# ПРАВОСЛАВНА НОВА ГОДИНА ВАСИЛИЦА 2024

## 14-ти јануари, 2024

**Музика: Христо Георгиев - Ице**

**Ручек $50 долари за возрасни**
**$20 за деца**
**ЗЕЛНИЧИЊА СО ЗЛАТНА ПАРИЧКА**

485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7
Rsvp: **Милица (905) -837-2177**- **www.stnedela.org**






**Среќни Новогодишни и Божикни празници со најубави желби, драги парохијани!**

**Новата Година нека донесе изобилство на секое поле.**
**Да сме живи и здрави сите и да се сакаме едни со други.**

**Христос се роди!** **Навистина се роди!**



**Диме Малаковски,**
**Свети Димитрија**
**Претседател на Македонската Православна Црква**
**Солунски,. Маркам.**



**Среќна Нова Година!**
**Здравје, среќа и берикет**
**во 2024 година! Среќни**
**празници!**

Сојна Алексовска Мириќ,
претседателка на женската секција од
МПЦ Св. Димитрија Солунски од Маркам

**Почитувани парохијани,**

Би сакал на сите Вам и на Вашите почитувани семејства
да Ви ги честитам Новогодишно-Бижикните празници
со молитви
за добро здравје, мир и благосостојба.
Останете ни' со добри мисли и силна вера во Бога.
Ваш парохиски свештеник во Македонската Православна црква
**Св. Димитрија Солунски од Маркам,**
***Отец Горан Ристески.***



## АНЕТА АРСОВСКА: ВИ НОСАМ ТОПЛИ ПОЗДРАВИ И УБАВИ ПЕСНИ ОД МАКЕДОНИЈА

***Би сакала да ги поканам нашите Македонци во што поголем број, а за забавата можам да им ветам дека ќе биде одлична и весела, исполнета со најубавите наши македонски песни и ора.***

**МК:** Драги читатели разговараме со Анета Арсовска, специјална гостинка од Македонија за Василица во организација на МПЦ Св. Димитрија Солунски од Маркам. -Почитувана Анета како си, поминаа неколку години од твоите последни настапи во Канада. Какви се твоите сеќавања од тие концерти и средбите со Македонците?



**Анета:** -Би сакала да упатам огромен поздрав до сите читатели на весникот "МАКЕДОНИЈА".
Да, во Канада бев пред точно седум години и навистина кога ќе се присетам на таа турнеја ме облева само чувство на среќа.Најнапред почнувајќи од тоа што заедно бевме дојдени една прекрасна екипа од пофесионалци,мајстори на својот занает Група АЛТЕРНАТОР од Битола, мојата драга колешка Тања Јовановска и мојот драг колега балканската звезда Мухарем Сербезовски.Потоа нашите менаџери и домаќини Соња и Срѓан Мириќ кои со својата добрина и гостопримство придонесоа за целата таа едномесечна турнеја да се чувствуваме како дома.А за преполните концерти за кои се бараше карта плус и прекрасната публика која беше позитивна,насмеана,распејана и разиграна само едно би кажала нема поголема награда за еден естраден уметник…И нешто што можеби нема цена е пријателствата што се родија благодарение на таа турнеја и еве ден денес ги негуваме благодарение на социјалните мрежи и секако да се видиме и лично на лето кога ќе си дојдат во родниот крај.

**МК:** -Кажи ни' нешто повеќе за своите музички ангажмани, песни и инспирации во музиката?

**Анета:** Во однос на музичките ангажмани можам да кажам дека лека полека се исполнува новата 2024 год посебно летниот период со свадбени веселби, а за моите следни музички планови секако дека ги имам.Кога ќе се вратам од Канада планирам да снимам видео запис-спот на мојата најнова песна и со самиот спот да направам и промоција на песната бидејќи аудиото на песната иако е готово сеуште никаде не е испромовирано.Потоа следно е издавањето на нов албум и се надевам дека сето тоа ќе успеам да го завршам во текот на првата половина од Новата 2024 година.А за инспирацијата за тоа каква песна да се сними знаете како вели една песна од нашите Блага Петреска и Ефто Пупиновски"Песната е да ти каже што неможе устата,песната е да те роди да те умре пустата"… Ме испирираат животот,љубовта,среќата,па и проблемите.

**МК:** Во Канада доаѓаш за Василица на покана од Свети Димитрија од Маркам. Какви музички изненадувања имаш за своите обожуватели и што очекуваш овој пат од настапот во Канада?

**Анета:** Да, овој пат доаѓам на покана на Црквата Свети Димитрија Солунски од Маркам за нашиот голем Православно-Христијански празник ВАСИЛИЦА. Најнапред би сакала да ги поканам нашите Македонци што поголем број, а за забавата можам да им ветам дека ќе биде една одлична и весела исполнета со најубавите наши македонски песни и ора. Морам да кажам дека за забавата нема да бидам задолжена само јас, туку заедно со мене ќе биде и музичката група ,,BOYS FROM BOUF ,,и богатата програма на КУД ,,Билјана,,…А искрено очекувам да си направиме заедно една прекрасна забава за која ќе се раскажува и во иднина.

**МК:** Какви се твоите пораки по повод Новогодишно-Божиќните празници до нашите читатели?

**Анета:** - По повод Новогодишните и Божикните празници на сите ваши читатели би им го посакала ни помалку ни повеќе туку сето она што си го посакувам и себеси…Да се здрави и живи,многу среќа љубов и многу успеси како на приватен така и на професионален план… Голем поздрав и останете ми сите во добро здравје се гледаме на 13 јануари.



ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA



# CHRISTMAS INTERVIEW WITH VASKO NEDANOVSKI, PRESIDENT OF ST. ILIJA, MOC MISSISSAUGA



**MK:** Dear readers, in this holiday edition we have the honor to speak with the president of the church board of St. Ilija MOC in Mississauga Vasko Nedanovski.

-Vasko, Merry Christmas and Happy New Year. I hope the year 2023 was a successful and accomplished year for St. Ilija MOC.. Could you tell us how your success was in the previous of 2023?

**Vasko:** Thank you. Happy New Year! In 2023, the success of the St. Ilija Macedonian Orthodox Church, can be confidently said that it was the best year ever with our new members of the board of directors of St Ilija. All our regular events in the church had the highest turn out of guests and that brought in more revenue for the Church.

**MK:**During the last year to the great satisfaction of The Macedonians from Mississauga and beyond, you opened the park of St Ilija Church, where you welcomed the head of the Macedonian Orthodox Church the Archbishop Stefan. This made the Macedonian community very happy to gather back together and celebrate our beautiful culture. Please tell us more about this big project and how you made it happen?

**Vasko:** In the beginning of our term of directors our main goal was to reopen the park, even though many thought it was an impossible task and had lost hope about it ever being opened again. It all came to be with the help of strong-minded board of directors and volunteers that spent days helping to clean the whole park.

We brought the park back to life, even better than what it was before. It was an amazing accomplishment considering that the park had been closed for 13 years previously. It was our pleasure to welcome the head of the Macedonian Orthodox Church, Archbishop Stefan and our American & Canadian Metropolitan G.Metodij.

**MK:** How does the church work with all its sections and groups, do you perhaps need volunteers, financial support etc?

**Vasko:** Working with the new board, we are working very well together with the other churches board of members for a better future of our Macedonian communities in GTA. We are always in need of volunteers, and we welcome any help they can provide. Donations are always welcomed and greatly appreciated.

**MK:** How do you elevate the cooperation with the rest of the churches and church leaders in these areas in Canada?

**Vasko:** We have had successful meetings with the church leaders to create open communication with all of the Macedonian churches.

**MK:** Now, at the beginning of the New Year, what activities are you starting with and what are your plans and expectations for 2024?

**Vasko:** As for our new year celebration on January 13th which we have every year, the board of directors are expecting the highest turnout of guests. We have some internal projects coming up in the church that are to be announced.



**Слава на Бога во висините,**
**и на земјата мир,**
**меѓу луѓето добра волја!**

Раѓањето Твое, Христе Боже наш, го озари светот со светлина на знаењето, во неа пак, оние што им служеа на ѕвездите од ѕвездата се учеа Тебе да Ти се поклонуваат, Сонце на правдата, и да Те познаат Тебе, Исток на висините, Господи слава Ти.

Нека е честит празникот на рождеството на нашиот Господ Исус Христос.

**Христос се роди Навистина се роди!**

**Благој Пенев, парохиски свештеник во МПЦ Св. Илија, Мисисага**







**СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ ВИ ПОСАКУВА**
**МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ ,,ИЛИНДЕН,, ОД ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА ОД МИСИСАГА**



**Почитувани Македонци,**

доколку сакате да ги зачлените вашите деца во македонскиот Фолклорен Ансамбл ,,Илинден,, кој работи како една од секциите во црквата свети Илија од Мисисага, тоа можете да го сторите преку следниот код објавен на оваа страница.
Ви благодариме.
**Среќни празници!**




## ПЕНЗИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ,,РИВЕР САЈД,, ЗА БОЖИКНИТЕ ДЕНОВИ ДОНИРАШЕ 5,800 ДОЛАРИ НА БОЛНИЦА ВО ГРАДОТ ОКВИЛ

Пензионерското друштво "Ривер сајд" МПЦ Св.Илија, Мисисага, скоро 20 години активно работи и ги помага заедниците во Оквил и Мисисага. За божикните денови донираше 5,800 долари на болницата во градот Оквил, град во којшто работи бингото Делта, а од средствата ги помага и останатите институции во кои спаѓаат: Sick kids foundation,Muscular dystrophy Canada, Credit Valley Hospital foundation, St. Ilija Moc Mississauga.

,,River Side,, Senior Citizens Club, Oakville and Mississauga has been helping the Community of Oakville and Mississauga for almost twenty years. Oakville Memorial Hospital is one of the many examples that ,,River Side,, as a Christmas gift donated $5, 800. Other charity institutions that ,,River Side,, is helping for better serving the community are: -Sick Kids Foundation, -Muscular Dystrophy Canada -Credit Valley Hospital Foundation -St. Ilija MOC Mississauga

## БОЖИКНА ЗАБАВА ОРГАНИЗИРАНА ОД ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА ОД ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА

На 16-ти декември 2023 година женската секција од црквата Свети Илија, Мисисага организираше предбожикна прослава, познатата (Christmas party),која имаше извонредна посета, многу весели дами, богата лотарија со околу 30-тина награди. Според зборовите на претседателката Весна Трајковска беше тоа многу убава добивка за црквата, што мене лично ми е особено важно затоа што ние 20-тина членки од Женската Секција посветивме многу волонтерски часови со цел да направиме убаво место за дружба.

Во својот поздравен говор на Божикната прослава таа меѓу другото рече:
-Ние дваесетината членки од женската секција многу сати работевме за да ве испочитуваме да се чуствувате убаво, а Вие почитувани дами дојдовте и ја направивте најубавата декорација што сум ја видела во нашата црква Св.Илија.
Во забавниот дел настапија музичарите Христо Георгиев Ице и Васко Петровски.







**СООПШТЕНИЕ**

**Почитувани дами,**
Ве известуваме дека на 13ти и 14ти април 2024, женската секција организира патување за посета на Базиликата посветена на Св. Ана во Квебек Сити, проследено со прошетка и пазарење во центарот на преубавиот Квебек Сити.
Тргнувањето ќе биде од пред црквата Св.Илија на 13ти април во раните утрински часови околу 5часот наутро, со едно преспивање во Квебек Сити и враќање во недела на 14ти април во 2часот попладне.
Превозот ќе не чини вкупно $170 и ноќевањето ќе се плати таму на лице место. Цената на ноќевање зависи и од собата која ќе се резервира , единечна, за двајца и слично..
Сите кои се заинтересирани можат да ни' пишат на Фејсбук месинџер за повеќе информации. За да си го резервирате местото треба да се плати за превоз. Плаќањето за ова патување ќе може да се направи и на емаил: donation@st-ilija.ca со назнака: Zenska sekcija bus trip Quebec . Повелете придружете ни' се.

**Салата при црквата св. Илија во Мисисага се изнајмува за организирање на:**
приватни забави, крштевки, веридби,
погреби и други настани.
Освен просторот, црквата нуди и комплетно мени со јадења за гостите.
Капацитет: 150 луѓе

За повеќе информации јавете се кај:

**Горнан 647-710-3836**
**Бисерка 416-319-4949**



# КОРУПЦИЈАТА Е ТЕЖОК ГРЕВ

## *Колку е патриотизмот поголем толку корупцијата е помала*



**Пишува и уредува:
прота-ставрофор
ИЛИЈА ДОНЕВ:
416. 898 – 0496
ilijadonev@gmail.com
FB Ilija Donev**

Денес зборот **КОРУПЦИЈА** е најчесто употребуван од било кога. Тоа е така затоа што корупцијата стана секојдневна појава и е широко распространета скоро во сите сегменти на животот и кај сите слоеви меѓу луѓето. Корупција има и кај богатите и кај сиромасите; кај оние на власт и кај оние од пониското ешалон; и кај учените, образовните, но и кај необразоаните, па дури и кај религиозните луѓе. Впечаток е дека без корупција луѓето не можат да функционираат. Така при завршување на најмала работа приморани сме некого да подмитуваме или треба да бараме пријател или познаник да ни помогне. Ретко кога работите течат мазно и без некои посебни обврски кон некого.

Во најшироки смисла на зборот корупцијата е злоупотреба на моќта при работните обврски; уцена за работно место на работодавец или функционер, нелегално стекнување на имот, неразумно трошење на општествени имот или пари и сл. Сите овие форми се длабоко навлезени во општествениот систем и тешко дека некогаш ќе бидат искоренети. Оној момент кога човекот ќе свати дека корупција е грев и подлежи на Божја казна дури тогаш можно е таа да се намали.

### Што е, всушност, корупција?

Најпрвo, корупцијата е тежок грев, односно тоа е една од формите на гревот. Гревот е нарушување на Божјиот морален закон. Во основа зборот "корупција" значи расипаност. Тој е синоним на неморалност, неетичност, непочитување, бездушност, будалаштина, лицемерие, непослушност кон претпоставените (вклучувајќи ги и родителите), но и кон Бога, лакомост, работење против сопствениот народ за туѓи интереси, неспособност, понижување на ближниот, лош однос кон ближниот, не пружање помош на немоќните и болните, кражба и сл. Таа ги опфаќа сите негативни и неморални дејанија кај луѓето.

### Генезата на корупцијата

Корупцијата постои откако постои човекот. Слободно ќе речеме дека нејзините корени се протегаат многу длабоко - уште во Рајот. Нејзин почеток е првиот грев што го направиле Адам и Ева. Но, треба да се знае - Бог не е создател на корупцијата, туку човекот. Во Светото Писмо – Библијата многу пластично е опишан настанот кога Адам и Ева го направија првиот грев, а кој е познат како - прворoден или прародителски грев. Таму се вели: "А змијата беше најлукава од сите диви полски животни" што ги беше создал Бог. Еднаш таа ја праша жената: "Навистина ли рекол Бог дека не смеете да јадете од секое дрво во градината?" А жената и одговори: "Од плодовите на дрвјата во градината смееме да јадеме; но, за плодот од дрвото што е среде градината, Бог рече: Не јадете од него и не допирајте го за да не умрете"! Тогаш змијата и рече на жената: "Не, вие нема да умрете зашто Бог знае дека, во оној ден кога ќе јадете од него ќе станете како Бог...." (1. Мојсеева 3:1-24).

Тогаш жената виде дека плодот на дрвото е добар за јадење, примамлив за очите и пожелен за гледање, па скина плод и касна од него. Потоа му даде од плодот и на својот маж, Адам, па и тој јадеше.....Подоцна, кога мажот и неговата жена го слушнаа гласот Божји, кој одеше низ градината кога дувкаше дневниот ветрец, се сокрија од лицето Божјо меѓу дрвјата во градината. Бог го повикуваше човекот, велејќи му: "Адаме, каде си?" Најпосле Адам му одговори: "Го чув Твојот глас, Господи, во градината, но се исплашив бидејќи сум гол, па се скрив". А Бог му рече: "Кој ти кажа дека си гол? Да не си јадел од дрвото од кое ти забранив да јадеш?" А човекот одговори: "Жената што ми ја даде да биде со мене, таа ми даде плод од дрвото, па јадев".Тогаш Господ ја праша жената: "Што си направила?" А жената одговори: "Змијата ме измами, па јадев". Така првите луѓе Адам и Ева го прекршија Божјиот закон и станаа грешни. Од тој момент односите помеѓу Бог и човекот се нарушија.

После нарушениот однос со Бога Он им одредил казна – змијата ќе биде проклета од сите диви полски животни и ќе ползи по мевот; На жената - и ги умножи маките на бременоста и во болки ќе ги раѓа децата; А за Адама – земјата да е проклета поради тебе, со мака ќе се храниш од неа. Трње троскот и коров ќе ти раѓа, а ти ќе јадеш полски растенија. Во потта на своето лице ќе го јадеш својот леб додека не се вратиш во земјата .... (1 Мојсеева 3:1-24). Светите Оци се согласни дека преку Адам, а не преку Ева, корупцијата или гревот, влезе во светот затоа што Адам беше претставник на своите наследници.

Каде тука гледаме корупција? Најпрво во нивната непослушност, а потоа во лажењето, лакомоста и горделивоста, како и во желбата за поголема слава и ослободување од Божјите заповеди или желба за живот без Бога т.е. без морални ограничувања.

Понатаму Библијата ни зборува и за поголема форма на корупција која завршува со убиство. Имено, помеѓу нивните двајца синови, Каин и Авел, се појавила завист која имала трагичен крај. (1 Мојсеева 4: 2 – 26); Корупцијата гледаме и кај синовите на Јаков кога од завист го продале нивниот најмал брат Јосиф (види Постанок 29 и 30). Во овие случаеви, како и многу други, се потврдува учењето на светите оци дека кај зависта, како грев, се наоѓа еден од најбогубните отрови кои човекот може да ги има во себе.

Во Новиот Завет смртта на светиот Јован Крстител е коруптивен акт на царот Ирод кој од лукративни причини го осуди светиот пророк Јован на смрт со отсекување на главата. Но, сепак, најголем коруптивен настан е осудувањето и распнувањето на Господ Исус Христос на Голгота. Јудејските старешни, најпрво од завист, а воедно и плашејќисе за својата власт, Го распнаа дури Богочовекот и Месијата Христос затоа што Он се нарече "Цар Јудејски" (види: Јован 19:21). Христовото распнување на крст е поголем грев дури од прародителскиот. Зошто? Затоа што Адам и Ева само ја прекршија Бојата заповед и не покажаа агресивност, додека во случајот со Каин и Авел, како и со Јосиф, а особено на Голгота, Господ Христос претрпе страшни телесни маки. Низ историјата на човештвото корупцијата и гревот се зголемуваа и не се отстранети до денешни дни.

### Зошто непослушноста на Адам и Ева се пренесува на сите генерации се до денешно време?

Библијата вели: **"Преку еден човек гревот влезе во светот и преку гревот смртта, така и смртта се прошири на сите луѓе, бидејќи сите згрешија" (Римјаните 5:12). Но, како можело едно обично кинење и јадење на плод од некое дрво да донесе такви трагични последици? Еве како: Заповедта, забраната или ограничувањето не претставувало никаков проблем за Адам и Ева оти тие можеле да јадат плодови од сите други дрвја во градината (Битие 2:16).** Освен тоа, оваа забрана не значела дека нешто не било во ред со нив или дека нешто им недостасувало во Рајот. Напротив, достоинството им било зачувано во секој поглед..."Дрвото на познавањето" го претставувало Божјото право, како Владетел, да одлучува што е добро, а што лошо за неговите човечки созданија. Затоа, јадењето од дрвото не било само кражба — земање на нешто што му припаѓа на Бога — туку и дрско посегање по морална независност, обид да се стекне самостојност. Без Бога човекот оди во духовна и морална пропаст. Ваквата тенденција, отфрлање на Бога заради морално осамостојување, е присутна и денес. Праведниот Серафим Роуз (се упокои пред неколку години), на едно место вели дека човештвото навистина навлегува во еден ужасен стадиум во своето богоборство. А сето тоа може да се види од многу обрасци на современата култура. Човекот не е само некаква грозна и одвратна карикатура на самиот себе. Човекот денес не може да се препознае дури ни во агонијата на сопствената духовна смрт. Човекот, фактички, веќе е мртов. Човекот, кој денес е богоборец и богоубиец, во својот разјарен копнеж да живее без Бога, мисли и тврди дека веќе Бог е мртов. Но, за жал, човекот веќе пристапува кон следниот и, можеби, последниот стадиум, кога тој го убива во себе и самиот човек – се убива самиот себе. Затоа денес слободно можеме да заклучиме дека и човекот веќе е мртов. Колку и да посакува да биде вечен тука, на земјата, колку и да е ужасен копнежот во исмејувањето на Бога и се' што е небесно и духовно, сепак, човекот нема каде да избега од вечноста. Човекот никогаш нема да може да избега од рацете на живиот Бог. Зашто, токму тогаш, кога човекот ќе помисли дека завладеал со оваа вселена и дека веќе постанал бог, токму тогаш над него ќе се исполнат зборовите од Откровението:

**"Богат сум, и се збогатив, и ништо не ми треба, а не знаеш дека си беден и проколнат, сиромав, слеп и гол" (Откр. 3: 17). Покажувајќи дека сакаат да бидат самостојни и независни, Адам и Ева, непоправливо го нарушиле својот однос со Бога, го втиснале печатот на гревот во своите тела, длабоко до самите гени. Точно е, живееле уште стотици години, но почнале да умираат „во денот" кога згрешиле.**

### Грешната природа и гревот се наследни

Но што, всушност, наследуваме ние од Адам и Ева?

Ние ја наследуваме и грешната природа и гревот. Некои велат дека човекот со раѓањето ја наследува само склоноста кон гревот. Православната Црква учи дека ние во потполност го наследуваме направениот грев на Адам и Ева и така и ние сме лишени од можноста за директно општење и комуникација со Бога ( види: Постанок 3 глава; Римјаните 5,12-21 и 1 Коринтјаните 15,22). Тука Адам се идентификува како човекот преку кој смртта влегува во овој свет. Гревот на Адам и Ева е наследен и секој човек се зачнува и раѓа во овој грев, а се ослободува од него преку Крштението. Затоа Црквата светата Тајна Крштевање ја одредила како прва и основна но и задолжителна. Крштевањето, за православниот христијанин, е врата за влез во Царството Божјо. Не крстените се лишени од ваквата можност. Освен тоа, крстените даваат завет пред Бога за богоугоден живот, одвраќање од гревот, а со тоа и од корупцијата како негов облик.

ТроичниотБог, создавајќи го светот го создал и човекот како круна на секое создание. Создавајќи ги првите луѓе, прародителите Адам и Ева, како единство на душата и телото, Бог им дал слобода на избор да бидат во заедница со Него (Бога) или да ја отфрлат таа заедница. Таа слобода на избор дадена ни е и нам денес. Отфрлањето на заедницата со Бога е грев или егзистенционално промашување. Тоа им го дал преку слободата на изборот, давајќи им заповед од секое дрво во рајската градина да јадат, освен од дрвото за познавање на доброто и злото, укажувајќи им дека во оној ден во кој ќе вкусат од него - ќе умрат.

*(Продолжува на следната страница....)*

*Печатењето на оваа страница е овозможено од доброчинителите Славе и Јулија Димитрови*

Адам и Ева, со својот слободен избор одлучиле да бидат без Бога; како последица на тоа - лишени од благодатта Божја, смртта добила власт над нив. Смртта и телесните болести како последица на гревот и како некоја генетска инфекција, се пренесуваат и на сите поколенија. Како последица на тоа настанала смрт на сите полиња па и биолошката смрт која подразбира разделба на душата од телото. Кога душата ќе го напушти телото тоа е мртво и се враќа во земја и се распаѓа, додека душата, по благодат Божја, останува бесмртна. Затоа ќе речеме дека човекот, после направениот грев на прародителите, не ја наследува само навиката или склоноста кон гревот, туку и самиот грев. Личен избор е на секого и денес дали ќе остане во заедница со Бога или ќе се приклони кон гревот.

**Што треба да направиме за да се избавиме од гревот?**

Најголемото нешто што можеме ние да го направиме, доколку сакаме да се ослободиме од гревот, а со тоа и од корупцијата, е разумно и богоугорно да постапуваме. Било која работа или служба да ја извршуваме најпрво треба да знаеме дека преку служењето на луѓето му служиме на Бога. Смирението и е важната добродетел што треба да го краси секого од нас. Само во смирена состојба можеме богоугодно да потапуваме и да донесуваме разумни одлуки. Тоа сигурно нема да ги восхити луѓето околу нас затоа што денес луѓето на смирението гледаат како на голема слабост, како на нешто што е старомодно и надминато. Но, тоа нас и не треба да не' вознемирува затоа што смирението е одлика на духовно воздигнатите луѓе како и на оние кои ја сознаваат својата грешност. Таквата душевна состојба ќе не' доближи до Бога. Човекот паднат во грев има искривен менталитет дека гордоста е највачното нешто за што треба да се држи не знаејќи дека нема ништо поомразено и помрско пред Бога од гордоста!? Фјодор Достоевски во романот "Идиот" запишал: "Гордоста е како расипано јаболко однадвор со убав изглед, а одвнатре полно со трулеж". Адам се возгордеа - но беше безмилосно казнет; и ѓаволот се возгодеа со желба да стане Бог - но беше фрлен во немилост. Затоа и ние не можеме ништо поголемо да направиме пред Бога освен душевно да се смириме, во спротивно, ќе бидеме казнети. Бог ни даде можност да бидеме ослободени од смртоносниот стисок на гревот преку Исус Христос (Битие 3:15; Матеј 20:28; Галатите 3:16). Преку Христа Бог ќе го отстрани гревот и сите негови последици, а целата земја ќе ја претвори во рај, исполнувајќи ја намерата што ја имал уште во почетокот (види: Лука 23:43; Јован 3:16). Доколку го прифатиме Христовото смирение тогаш нашиот Отец Небесен ќе види во нас Негови синови и ученици и заради смирението ќе заличиме на Неговиот Единороден Син Господ Исус Христос Кој беше испратен да ни биде образец и пример какви треба да бидеме и ние. Он ни рече: "Угледајте се на Мене бидејќи сум Јас кроток и смирен по срце" (види Матеј 11:29). Затоа ќе речеме, Господ Христос и учењето на Црквата треба да бидат нашиот идеал и правец кон што треба да се стремиме. Адам и Ева не можат да ни бидат оправдување за корупцијата и за нашата грешна состојба.

Најголемиот предизвик за корупција и денес се – алчноста за власт и неправедно стекнување на богатство во било која форма. Злоупотребата на државен имот, а кој, всушност, е народен е корупција од најширок вид што е, пак, одраз на исчезната љубов кон ближните и кон Татковината. Затоа ќе речеме: колку е патриотизмот поголем, толку корупцијата е помала или никаква. Услов за чување на државата е – патриотизмот. Борејќи се против се ова однапред кажано ние, всушност, се бориме против трите најголеми непријатели на човечката душа.

Првата борба е борбата против светот. Таа започнува со тоа што се одвојуваме од светот и се откажуваме од неговите слатки, но куси и отровни задоволства, како и од неговите лажни убавини кои се обична празнотија во однос на вечноста. "Пријателството кон светот е непријателство кон Бога" рекол светиот апостол Јаков (Јаков 4:4) . Затоа, потребно е да се откажеме од светот и од неговата измама, па на таков начин ќе го победиме првиот непријател – ѓаволот.

Вториот непријател е нашето сопствено тело, кое ќе можеме да го победиме преку воздржување од се' она што е штетно и неморално. Нашето тело е и наш пријател, но само тогаш кога и' помага на душата во доброто. Со Божја помош, со своето тело ние постиме, пролеваме солзи и на Бога дарови Му принесуваме. Тоа не би можеле да го правиме само со душата.

А ако го победиме светот и телото, тогаш лесно ќе го земеме во рацете оружјето на борбата против гревот, против господарот на овој свет, против кнезот на темнината и предизвикувачот на сите гревови – ѓаволот. Тоа ќе го постигнеме доколку се вооружиме со Божјото оружје: верата, љубовта кон луѓето и Бога, долготрпението и молитвата. Против најсилното оружје на ѓаволот – гордоста - ќе покажеме смирение, против суетата - кротост. Но, над сѐ, ѓаволот ќе го победиме со крстот на долготрпеливоста што треба постојано да го изобразуваме.

Исполнувањето на критериумите кои ни се дадени како Божја заповед ќе не доведе во состојба да се богатиме не за себе, туку за Бога и тогаш ќе можеме да се удостоиме со онаа полнота и радост, која никој не ќе може да ни ја одземе – вечниот живот и вечната радост со Бога. АМИН

## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ - ОД УПРАВАТА НА МПЦ СВ. НАУМ ОХРИДСКИ, ХАМИЛТОН


MOC ST. NAUM OF OHRID, HAMILTON



**Chris Klashoff, president of the MOC St. Naum of Ohrid, Hamilton**



**-On behalf of myself, my wife Violet and our family, we would like to:**

**Wish everyone a Joyous Christmas and a New Year filled with Peace, Prosperity, Health & Happiness!**

**Ангел Станчев, парохиски свештеник во МПЦ Св. Наум Охридски, Хамилтон:**

**Драги браќа и сестри во Христа Бога, од името на моето семејство и нашата М.П.Ц. Св. Наум Охридски, ви ја честитаме новата 2014 година и за многу години Христовото Рождество - Божиќ. Ви посакуваме мир, здравје и благосостојба во вашите домови. Христос се Роди! Навистина се Роди!**



# Macedonian Cooking with Sue Eastwood






Badnik is the night before Macedonian Bozik. For those that do not know, Bozik is Christmas and Badnik is Christmas Eve.

Christmas Eve in Macedonia is a holy night that is usually spent at home with the family.

Traditionally, Badnik dinner is a vegan meal, posno. To be truly vegan means that no animal products should be used in making the dish.

Those observing often will serve tavche grace ( Macedonian style baked beans ) sarma ( Macedonian cabbage roll no meat) , Pitulici ( Macedonian crepes) and various roasted vegetables. Fruit, nuts and baked goods are also served.

Most of all it is a spiritual day of love towards one another and optimism for the new year ahead.

Oak leaves and branches are used as decoration, it is said that Joseph used oak branches to light the fire overnight into Christmas Day, ready for the birth of Christ.

I want to wish that love, peace, joy and health find each of you. Be kind to one another. Do not be judgemental or envious, and treat each other the way you would want to be treated. No one is perfect. We know that because we know ourselves. There is good in everyone, it is our nature. Being kind brings kindness and holding ill thoughts towards others only hurts you.

Peace, love and light to you all.

I want to share a few vegan recipes for you, and a few new recipes to try for Bozik.

## Lentil soup.



This is a good option for Badnik, as it is vegan and filled with nutrients. I usually serve grav because it is easier, but for Badnik, we can take a little more time and do something different.

Usually on my drive home from work, I spent the entire time on the phone with my mom. Every day. We spend most of the time talking about Macedonian food. This is her recipe.

Finely chop potato, celery, pepper, carrot, onion, garlic. One cup lentil. 6 cups water. 1 bay leaf. 1 tablespoon vegeta and 1 tablespoon oil. Add all into pot and simmer until tender. Garnish with chopped parsley.



***This is my mom and dad, Pando Straklevski from Bukovo and my mom Bona (Gligurovska from Dolno Srpci). Na site vi posakuvame mnogu sreken Bozik.***



A wonderful way to start your Bozik celebration is with this appetizer. These are classic Macedonian flavours that will compliment your meal. I used gorgonzola because I like the sharp flavour against the pear but you can use bieno sirenje as well. This is pear and gorgonzola stuffed prosciutto with walnuts and pomegranate. The walnuts and pomegranate give it a festive flair while adding g layers of flavour and a wonderful homage to Macedonia.

Drizzle reduced balsamic vinegar before serving. I served one per person, then cleared away the appetizer plate and began with the dinner.

## Spinach and cheese stuffed peppers



These spinach and cheese stuffed peppers offer a new spin on classic Macedonian flavors. We are used to stuffing our peppers with meat and rice and serving them upright. Why not slice them down the middle and try this wonderful side dish. This is the same mixture that you would normally use for zelnik with spinach and cheese. I use half ricotta cheese and half feta cheese, and one egg. Add as much spinach as you want but be sure to cook it down first to remove the water. I do this by adding all the fresh spinach to a large pot with a little oil in the bottom and stir it until it is cooked down. Add a little salt.

Once you mix everything together, stuff the peppers and bake them uncovered for about 45 minutes. Trust me, it will be a hit while also looking festive.





Owners Robert Gill and Sue Eastwood

WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca

RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.

COR National Standard — Certified by IHSA.ca Work Safe for Life








## We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.

We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.



For more information
**CALL OUR TEAM**
**905 761 9030**
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

## EMA NIKOLOVSKA, MEZZO-SOPRANO

**Upcoming Performances:**

**CANADIAN OPERA COMPANY - COC, TORONTO, ONTARIO**

Four Seasons Centre for the Performing Arts

**Leoš Janáček: "The Cunning Little Vixen"**

**January 26, 28 &**

**February 3, 8, 10, 14, 16, 2024**

Details & Tickets:
www.coc.ca/productions/24401

**KOERNER HALL, TORONTO,ON**

**Recital**

**Ema Nikolovska, mezzo-soprano,**

with Charles Richard-Hamelin, piano

**Sunday, March 24, 2024 at 3:00 PM**

**Details & Tickets:**
**www.rcmusic.com/events-and-performances/ema-nikolovska-and-charles-richard-hamelin**

**Also in recital:**
**Kansas City, Missouri, US - March 06**
**Berkeley, California, US - March 10**
**Vancouver, CA - March 17**
**Montreal, CA - March 20**
**New York, New York, US - March 28**
**Ottawa, CA - April 02**
**London, CA - April 14**





ХРИСТОС СЕ РОДИ! НАВИСТИНА СЕ РОДИ!



ЧЕСТИТ БОЖИК И СРЕЌНА НОВА ГОДИНА СО ЖЕЛБИ
ЗА СЕ НАЈДОБРО ОД ГЛИГОР СТЕФАНОВ СО СЕМЕЈСТВОТО
facebook.com/StefanovIconStudio

# ИНТЕРВЈУ СО ЕМА НИКОЛОВСКА, КАНАДСКО-МАКЕДОНСКА ОПЕРСКА ПЕЈАЧКА - ВО ПРЕСРЕТ НА НЕЈЗИНАТА ГОЛЕМА СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКА ТУРНЕЈА

**МК:** Почитувана Ема пред се' среќни новогодишни и божиќни празници.
За почеток, да ве претставиме пред поширокота јавност. Кажете ни' нешто за вашите почетоци, образование, како се движеше вашата музичка патека?

**Ема:** Ви благодарам. Пред се, би сакала да ве поздравам вас и вашите читатели и да возвратам на вашите новогодишни желби, да ви заблагодарам за можноста да бидам интервјуирана за вашиот весник.



Родена сум во Скопје, Македонија, во 1993 година. На едногодишна возраст заминав за Торонто, Канада, заедно со моите родители. На четиригодишна возраст родителите ме запишаа во "Royal Conservatory of Music" - RCM, во Торонто, на отсекот за виолина, каде што во следните 18-19 години поминував поголем дел од моето слободно време изучувајќи ги тајните на музиката. Мојата музичка едукација се состоеше не само во изучување на виолината, туку и на изучување на музичката теорија (солфеж, историја, хармонија, контрапункт, итн.). Обично, поголемиот број музички часови/предмети ги посетував во текот на викендот, петок попладне и навечер, и сабота со целодневна настава. Тука имав можност да настапувам и како дел од трио, квартет и оркестар, искуство кое ми всади бескрајна љубов кон создавање музика со други музичари.
На 13 годишна возраст успеав да влезам во елитната група на надобрите млади музичари при RCM, таканаречената YAPA (Young Artist Performance Academy) каде што поминав низ многу поинтензивни и поригорозни музички програми исполнети со концерти и работилници (masterclasses) со познати светски уметници. На 18 годишна возраст бев примена со "full scholarship" на факултетот за музичка уметност "Glenn Gould School" во Торонто каде што се здобив со факултетската диплома во 2015 година (Bachelor of Music, Performance) во класата на Paul Kantor and Barry Shiffman.
Во текот на мојата музичка наобразба имав шанса да настапувам редовно на многубројни концерти и музички фестивали/натпревари, а би го издвоила првото место со мојот квартет и второто како солист на виолина на државниот натпревар во 2009 година во Монтреал.
Во истата таа 2009 година на 16 годишна возраст, започнав да зимам часови по пеење кај Helga Tucker, благодарејќи на упорноста на татко ми кој веке 3-4 години по ред претходно се обидуваше да ме натера да започнам со пеење, со образложение дека со мојот талент и добра музичка база ке можам успешно да напредувам на тоа поле (што на крај се покажа како точно, хаха). Од тогаш наваму, светот на музиката не беше веќе ист за мене. Паралелно со изучувањето на виолината, навлегував во мистериозниот и фасцинантен свет на пеењето постепено осознавајќи ги тајните на човечкиот глас, како нешто што е длабоко поврзано со психологијата на човекот. Во исто време пеењето беше и место каде што се сретнував со светот на поезијата и различните јазици на кои се изведуваат песните. Од мали нозе сум била фасцинирана од мултикултурното искуство и секојдневната повеќејазична конверзација (македонски, српско-хрватски, англески, француски) додека растев во Канада. Тоа чувство на дуализам и постојаното доживување на различни култури преку говорните јазици и нивната боја (еден јазик/култура дома, друг во училиште, трет во музиката) допринесе да станам максимално љубопитна и заинтересирана за светот на звукот на различните јазици, за светот на различните култури, фолклорни елементи и психологијата врзана со нив. За мене пеењето стана еден вид на медиум/центар во кој сите тие елементи можеа да се здружат заедно.
После дипломирањето во мај 2015 година, се решив целосно да се посветам на пеењето. Започнав со интензивни припреми за аудициите закажани за крајот на годината и претежно бев фокусирана на неколкуте првокласни музички центри во London, UK. После успешните аудиции на повеќе места, се решив магистерските студии по пеење (Master's degree) да ги посетувам во Guildhall School of Music and Drama во London, UK.
Во Лондон престојував 4 години, каде што ги завршив постдипломските студии по пеење (2 години) и се здобив со "Master's Degree in Voice", а потоа уште две години поминав во ригорозноте изучување и специјализирање во оперското пеење во "Guildhool School Opera Course". За време на моите студии настапував на многубројни концерти, рецитали и опери, а исто така успешно настапив на повеке познати интернационални и домашни натпревари за млади пејачи како што се 's-Hertogenbosch International Vocal Competition (winner), Guildhall Wigmore Recital Prize (winner, awarded a debut concert in Wigmore Hall), Cathleen Ferrier competition (The Ferrier Loveday Song Prize), Helmut Deutsch International Competition (2nd place), prize-winner at the Young Classical Artists Trust (YCAT) International Auditions.
После моите студии во Лондон, имав чест да бидам примена во оперското студио на една од најголемите светски оперски куќи, Berlin Staatsoper во Берлин, Германија, каде што работев две години (2020 до 2022). После напуштањето на Berlin Staatsoper, ја продолжив мојата кариера како слободен уметник (freelancer), застапувана од една од најголемите светски менаџерски куќи, Askonas Holt од Лондон, потоа Johanna Herbst Artist Management од Минхен (концерти во Германија и Австрија, како и Etude Arts во New York (концерти во Северна и Јужна Америка).
Во моментов, ја имам таа чест да бидам Artist-In-Residence во Wigmore Hall во концертната сезона 2023-2024. Исто така, од 2019 до 2022 бев BBC New Generation Artist, а добитник сум и на повеќе престижни награди како што се Borletti-Buitoni Trust Award, Sylva Gelber Music Foundation, итн.

**МК:** Од каде е интересот кон музиката, имате ли свои музички идоли?

**Ема:** Растена сум во средина каде што музиката била од секогаш на прво место. Од кога се сеќавам за себе бев изложена на најразлични стилови на музика, од народна до џез, до рок и класика. Од мали нозе моите родители редовно ме водеа на најразлични концерти, од Максим Венгеров, G3, до концертите на Ал Ди Меола и Return to Forever. Балканската фолк музика, вклучувајќи ја и македонската народна музика, има оставено исто така длабоки траги во мојата музичка наобразба. Поминувајќи низ сето ова искуство, многу рано во мојот живот станав свесна за тоа дека во светот на музиката има феноменални музичари од секој жанр и дека од секого може да се научи нешто ново. Верувам дека сум имала среќа во животот, затоа што моите родители биле големи заљубеници во музиката и секогаш искрено ме поддржувале во тоа што сум то правела. Никогаш не оделе во тие крајности дека во еден момент треба да започнам да размислувам за "вистинска работа/професија". Напротив, во мене ја имаат всадено вербата дека животот поминат со музика и уметност, е богат и исполнет живот, живот полн со вредности и убавини. Сето тоа се покажало до сега како вистинита и точна констатација.
Дали имам свои музички идоли? Да, секако. Пред се, моите колеги музичари со кои створам музика. Тоа се прекрасни луѓе и уметници, од кои секогаш можам да научам нешто ново. Мислам дека како виолинист имав повеќе идоли. Oistrakh, Vengerov, ... Patricia Kopatchinskaja, Barbara Hannigan. Chavela Vargas, Cesaria Evora, Janelle Monae, Nina Simon, The Beatles and Pink Floyd, Chet Baker, ...

**МК:** Кажете ми, каде сте настапувале досега, и какво е чувството за една млада македонско-канадска оперска пејачка да настапува на светските сцени, а при тоа да ја претставува исто така и татковината на своите претци, Македонија?

**Ема:** Во 2023, како оперска пејачка, мецосопрано, настапив како Oktavian во операта "Der Rosenkavalier" од Strauss vo Berlin Staatsoper, и во улогата на Woman во новата опера на George Benjamin "Picture a Day Like This" во The Royal Opera House во London. Имам настапувано насекаде низ Европските концертни сали како рециталист. Pierre Boulez Saal Berlin, Konzerthaus Berlin, Elbphilharmonie Hamburg, London's Wigmore Hall, Schubertíada Vilabertran, Concertgebouw Amsterdam, Verbier, Gstaad, Aldeburgh, Salzburg, Vienna, Paris, Dortmund, Brussels, Leeds, и многу други, соработувајќи со Malcolm Martineau, Wolfram Rieger, Sir András Schiff, Graham Johnson, Julius Drake, Joseph Middleton, Howard Watkins, Steven Philcox, Charles Richard-Hamelin, меѓу другите. Исто така, имам настапувано неколку пати во Канада во последниве неколку години. Toronto, Ottawa, Vancouver i Banff.
На концертната сцена минатата година настапив на повеке места од кои најзначајни се: Mozart's Coronation Mass with Mozarteum Orchestra Salzburg and Roberto González-Monjas at the Salzburg Festival, Schumann's Das Paradies und die Peri and Mozart's Requiem with the Staatskapelle Berlin and Marc Minkowski, Jaquet de la Guerre's Céphale et Procris on tour with Reinoud van Mechelen and Nocte Temporis in Versailles, Namur, and Brussels, Mendelssohn's Elijah with the Münchener Rundfunkorchester and Howard Arman, Mozart's Requiem with the Royal Philharmonic Orchestra and Adrian Partington, Stravinsky's Pulcinella with Musikkollegium Winterthur and Barbara Hannigan, and Ravel's Chansons Madecasses with the Mahler Chamber Orchestra and Sir George Benjamin. Инаку, само што пристигнав во Торонто од Амстердам каде што го имав последниот концерт од неверојатно успешната турнеја низ Европа (Paris, Vienna, Dijon, Essen, Hamburg i Amsterdam) со Mendelssohn "Elias" and Raphael Pichon and Ensemble Pygmalion.
Интересно е тоа што на моите настапи како "macedonian-canadian mezzo", се обидувам да ја презентирам и македонската песна, или во делот на програмата или како encore. Како encore повеќе пати ја имам изведувано песната Јовано, Јованке, аранжирана за пијано/армоника и глас од нашиот познат композитор Панде Шахов, што секогаш предизвикува големо одушевување кај публиката.

**МК:** Драга Ема, да проговориме за претстојната турнеја. Каква е агендата, и што да очекуваат посетителите на вашите концерти?

**ЕМА:** Пред се', морам да потенцирам дека ова е за мене прва официјална северно-америчка турнеја која ќе опфати рецитали со пијанистот Charles Richard-Hamelin во 5 града во Канада (Toronto - Koerner Hall, London - University of Western Ontario, Montreal - Bourgie Hall, Vancouver - Vancouver Playhouse i Ottawa - Carleton Dominion-Chalmers Centre) и со пијанистот Howard Watkins во 3 града во Соединетите Американски Држави (New York - Carnegie Hall, Kansas City - Folly Theater, Berkeley, California - Hertz Hall).
Програмата ќе биде составена од дела од стандардниот "art-song" пејачки репертоар, како што се песните од Schubert, Strauss i Debussy. Исто така, сакав да внесам во програмата дела од помалку познати композитори кои поради некоја причина се подзаборавени, а би требало според нивниот квалитет да имаат место во редовниот концертен програм. Во овој случај, ги избрав делата на рускиот композитор Медтнер, како и на американските композитори Margaret Bonds i Nicolas Slonimsky. Програмата ке биде тематски поделена на два дела. Првиот дел од концертот ке биде посветен на годишните сезони. Вториот дел од концертот ке биде малку поабстрактен, и темтаски ке ги покрива идеите на урбаниот живот и контрастите со нашиот однос кон природата. Концертот ќе заврши со хумористични песни компонирани во дваесеттите години на минатиот век од руско-американскиот композитор Nicolas Slonimsky.
Исто така, дел од оваа турнеја ќе бидат и моите настапи во улогата на Fox (Gold-Stripe) во операта "The Cunning Little Vixen" од Јаначек, која ќе биде изведувана на оперската сцена на COC (Canadian Opera Company) во Торонто во јануари и февруари оваа година (7 претстави, со премиерата на 26ти јануари).

**МК:** И за крај на овој наш разговор, кои се вашите пораки по повод Новогодишните и Божиќните празници до нашите читатели?

**Ема:** Би сакала да ја искористам оваа прилика и да им посакам на читателите и нивните најблиски многу здравје и среќа во Новата Година, а во исто време и способност за отвореност кон нови осознавања за себе и за луѓето околу нив, великодушност, стрпливост и пред се љубов и благодарност.









On Sunday December 17, 2023 St. Nicholas Macedonian church in Windsor, Ontario held a luncheon after the church service that was very well attended in honour of their patron saint Nicholas. A Christmas concert was prepared for the occasion. The musical singing group Serenada entertained the guests along with the both dance group Gerdan adult and Gerdan children. The Sunday school children also sang few Christmas songs. What a festive and happy atmosphere that was! The children patiently waited for a visit from Santa Claus! He came and give them bags of goodies full of candies and chocolate! Lot of guests got presents from the very rich raffle, gifts donated by our generous and supportive community.
Submitted by Vera Najdovska
President of the Administrative Council

## ХРИСТОС СЕ РОДИ!



Честито да ни е Рождеството Христово - Божик и среќна и благословена да биде новата 2024 година!

**Возљубени браќа и сестри во Христа,**

Во овие празнични денови искрено ви посакувам во мир, љубов, радост, меѓусебно разбирање и добро здравје да ги прославите Божикните и новогодишните празници и тој дух на радост да ве следи преку целата година што ни доаѓа. Ве повикувам преку овие вечни доблести да напредуваме сложно како македонски заедници. Да растеме во верата, љубовта, надежта и смирението и да ги прифатиме нив како основни критериуми во нашиот живот. Постојано да се угледуваме на вечниот Богомладенец Христос, на родениот од Пресвета Дева Марија. Да бегаме од гревот и да се уподобуваме на Христа во сѐ.Да се трудиме телесно и духовно да се очистиме и да направиме јасли во нашите срца, за во нив да се всели воплотениот Богомладенец! На тој начин Тој ке влезе и во нашите семејства и ке ги освети и стопли со своите благодатни енергии. Да си ги чуваме своите семејства како голема светиња! И нашата Црква е едно големо семејство собрано околу Христос и во Христос. Да се обединуваме под закрилата на црквата, бидејки заедно сме посилни. Да ја чуваме, помагаме и сакаме нашата Македонска Православна Црква, да ја посетуваме почесто на богослужбите и да учествуваме во нејзиниот живот и активности. Со Своето доаѓање на земјата Христос основа вистинско братство во кое љубовта, меѓусебната почит и смирувањето еден пред друг - се единствениот закон! Особено е важно да се учествува во Светите Тајни на Црквата, во Светата Причест и сето она што води кон неа. Да не дозволиме нашите деца и внуци да останат некрстени и невенчани во Црква. Најважните моменти од нашиот живот да го имаат печатот Христов. Затоа, да ги носиме нашите деца во Црква! Младите да ја почуствуваат како своја Црква, да се вградат во нејзината Божествена архитектура и да останат преку целиот живот на бродот на Црквата. Зашто во неа единствено е спасението. Поблиски до Бога – поблиски и еден до друг! Да се помолиме и за мир во целиот свет, а особено во Светата земја.За Божик, да се придружиме на ангелскиот хор, пеејки: „Слава Му на Бога во височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја!".

**Господ да Ве благослови Вас и Вашите семејства!**

**Свештеник Емил Атанасов**





На 17 Декември, нашата Македонска Православна Црква Свети Никола во Виндзор, го прослави својот Патрон празник или Храмовата слава, Свети Никола Мирликиски Чудотворец. Св. Никола се погрижи да собере голем дел од нашите парохијани и молитвено и литургиски да го одбележиме овој голем и значаен ден за нас. Големиот број на верници е доказ за љубовта и почитта на Македонците во Виндзор кон Свети Никола, кон Црквата и заедницата. По отслужената Литургија на која подготвените верници се причестија, се благослови и прекрши Славскиот колач принесен од кумовите Марија и Горан Зоксимовски. За следната година за кумови се пријавија Венета и Драгиша Петрушевски. Честити да се имендените и домашните слави на сите православни христијани и на членовите на нашата заедница коишто како заштитник личен и на своите семејства го имаат Свети Никола Чудотворец.

**За многу години!**



Новогодишните и Божичните празници се празници кој што ги поминуваме со семејствата, блиските, пријателите а овде во диаспората и со членовите на нашите црковни заедници кој што се едно наше поголемо семејство. Да ги прославиме овие празници со радост, мир и љубив во душата во кругот на најблиските. Честити да се празниците на сите Македонци. Христос се роди! За многу години!

Председател на Женската секција Св. Никола-Виндзор, Милица Апостоловски со Членовите на Женската секција.





# СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ ВИ ПОСАКУВА РАКОВОДСТВОТО ОД МПЦ СВ. МАЛА БОГОРОДИЦА, КЕМБРИЏ



## СРЕЌНА НОВА 2024 ГОДИНА

Христовата светлост нека ви го осветли домот, среќата нека ја победи тагата и Бог нека ви подари се' што немате и сочува се' што имате. Божјата милост насекаде нека ве прати, нека за доброто со добро ви се врати. Во телото здравје, во душата мир, во мислите радост, во срцето младост, во љубовта среќа Христос насекаде да ве води,

**Среќен Божиќ,**
**Христос се роди! Навистина се роди!**

**Гоце Деспотовски парохиски свештеник во МПЦ Св. Мала Богородица од Кембриџ.**





**Бранкица Кузмановска Матеска –претседателка на црковната управа во Македонската Православна Црква Света Мала Богородица- Кембриџ**

-" Божиќ и Бадник се празници коишто го зближуваат семејството.Божиќ е празник кога целото семејство е заедно.Кога домот е исполнет со топлина и радост во исчекување на Исусовото раѓање.
Нека овој Божиќ ги исполни домовите на сите православни христијани со здравје, благосостојба, љубов и верба во Бога.За многу години да ни се Божиќните и Новогодишните празници на сите Македонци во целиот свет. Христос се роди! Навистина се роди! "

**Божиќна порака од Претседателката на Женската Секција, МПЦ Св. Мала Богородица, Кембриџ, Живка Змејкоска:**



" Нека Бог ги благослови сите домови каде што неговото име се слави.
Среќен Божиќ
и среќни Божиќни празници.
Божјата милост насекаде нека Ве прати, нека доброто со добро Ви се врати."
**Христос се роди!**
**Навистина се роди!**



**Среќни Новогодишни и Божиќни празници до големите поддржувачи на весникот ,,Македонија,, и воедно дарители, верници и достојни Македонци во Македонската заедница во Канада, Митко Роштанковски и Славе Димитров со нивните семејства.**

**И во годината која измина, господинот Митко и господинот Славе, како и во изминатите години својата посветеност ја докажаа на дело, за што беа и наградени на Светиклиментовата Вечер по повод патрониот ден на црквата Свети Климент Охридски во Торонто.**

**Тие беа закитени со икони со ликот на Свети Климента и специјални статуетки за заслуги во работата на црквата.**
**И ние, им ги честитаме овие признанија со желби за добро здравје, успех и благосостоја во нивните семејства во оваа нова 2024-та година.**

**Христос се роди! Навистина се роди!**



## СРЕЌЕН БОЖИК, РАДОСНА И ПОУСПЕШНА 2024-ТА ГОДИНА

**Драги пријатели,**

Нека ни' е среќна и весела Новата 2024-та година. Во мир и радост да го прославиме Божиќ и македонската Нова Година, Василица. Нека за момент празниците не' оттргнат од секојдневните грижи и мисли, да бидеме сполотени и исполнети со радосни очекувања и надежи во новотот лето господово.
Од срце посакуваме благосостојба во сите македонски семејства каде и да се ширум светот, посебно на нашите браќа и сестри во нашата татковина Македонија.
Останате и понатаму со весникот ,,Македонија,, и следете ги најновите случувања во македонската заедница во Канада.

**Поздрав со почит,**
**Љубенка и Танас Јовановски со семејството.**


The largest Macedonian car fleet in Canada
COMSTOCK
Панде
Марко
If you don't see us we've both lost money
Comstock Auto Service Ltd
19652 ON-48, Mount Albert, ON L0G 1M0
(905) 473-5625
Најголемиот македонски автомобилски парк во Канада.
Јавете во COMSTOCK кај Панде и Марко Јадилебовски


ZORAN NICESKI
BROKER. SRS. ABR. RENE.
Over 25 Years of Selling Experience
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
#1
RE/MAX
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
Re/Max All Stars Realty Inc. Brokerage, T: 905.477.0011
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging
FREE Home Evaluation
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
416.726.1595
Direct
www.niceski.com
zrniceski@gmail.com
SRS
ABR
RENE Real Estate Negotiation Expert
RE/MAX HALL OF FAME AWARD 2006
RE/MAX LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD 2022
PLATINUM AWARD CLUB 2023


MICHAEL GEORGIEV
Partner, VP of Construction & Real Estate
CONSTRUCTION, REAL ESTATE INSURANCE & BONDING EXPERT
michaelg@jdimi.com
647.501.2615
JONESDESLAURIERS INSURANCE MANAGEMENT INC.
NAVACORD


MAK General Contracting
INFO@MAKGENERALCONTRACTING.COM
DRYWALL
FLOORING
PAINTING
TILING
PLUMBING
ELECTRICAL
DEMOLITION
EXCAVATION
DISPOSAL
CONCRETE
EXTERIOR
LANDSCAPING
FENCES
DECKS
TRIMS & MOULDING
DOORS AND WINDOWS
COMMERCIAL
RESIDENTIAL




## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ!

**Почитувани клиенти,**

**Ви посакуваме Новата 2024-та година да ни' донесе многу успех и благосостојба.**

**Веруваме дека празничните денови ќе ги поминете во мир и радост и во тоа име ве поздравуваме со големиот христијански поздрав:**
**Христос се роди!**
**Навистина се роди!**

**Секогаш со вас,**
**НЕДАН ТИМ**



# МАКЕДОНИЈА ЈА ДОЧЕКА НОВАТА 2024-ТА ГОДИНА СО НАДЕЖ ЗА ПОДОБРО УТРЕ

## ВЕСЕЛО ДОЧЕК НА НОВАТА 2024 ГОДИНА ВО ЦЕНТАРОТ НА ГЛАВНИОТ ГРАД НА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ

(Преземено од македонските медиуми, фото Република).

Скопје ја доживеа најубавата новогодишна приказна. Во текот на целиот ден на Плоштад Македонија владееше новогодишна еуфорија и со многу музика, танцување, аплаузи и насмевки, посетителите ја испратија 2023-та година и ја дочекаа 2024.

Забавата започна со неверојатна енергија со настапот на Тин Камп, потоа публиката уживаше во музиката на Леjдис Оркестра, а членовите од бендот Пауза за ракија ја вжештија атмосферата. Публиката пееше во еден глас со Тринити Стрингс, Слаткар, Дарио, а Мерак Меана со Сузана Гавазова, Влатко Миладиновски, Стојне Николова, Блага Петреска и Душко Георгиевски направија вистински, новогодишен спектакл.

Лила Филиповска и Димитар Атанасовски одбројуваа заедно со публиката и први им ја честитаа Новата година. Во 00:00 градот убав ја дочека 2024-та година со насмеани и среќни посетители.

Свои настапи имаа и Два Бона, Лозано, Нино Величковски, Полина Тасева, Група Мјузаик, Теа Трајковска, Дупер, Антониа Гиговска, ДНК, Анета Љумаковска, Ламбе Алабаковски, Миле Кузмановски, Sarah Mace & The Christmas Girls, Аманет, Фиц D'invisibles, Некст Тајм. И по лудата ноќ музичка програма ќе има до 7 јануари.

## ПРВО, ПА МАШКО ВО НОВАТА 2024 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ

Првото бебе во 2024 година се роди на Универзитетската Клиника за гинекологија и акушерство во Скопје во 00.00 часот.

Бебето е од машки пол, тешко е 3.760 грама, долго е 52 сантиметар и е родено со Апгар 10/10. Како што информираат од Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, породувањето било извршено по природен пат.

- Нека новата 2024 година биде посреќна, повесела и поберикетна од претходната. Новата година значи и нов почеток. Почеток и стремеж кон подобро утре со повеќе добри дела и љубов за секого. Нека ни' е среќна Новата 2024 година! - стои во празничната честитка од Град Скопје.

## КАКО БЕШЕ ДОЧЕКАНА НОВОГОДИШНАТА НОЌ ВО ОХРИД?

Илјадници туристи од Р. Македонија и странство заедно со своите домаќини во прекрасна атмосфера во Охрид ја дочекаа Новата 2024 година, со многу желби за здравје, среќа и берикет.

Туристите претежно од Србија, Бугарија и Грција, но и домашни посетители го наполнија Охрид за новогодишните празници. Гостите ги преплавија терасите на кафулињата, уживаа во прошетките низ градот и на кејот на Охридското Езеро, но и во температурите кои се далеку над просекот за овој период од годината.

Хотелиерите и приватните станоиздавачи беа задоволни од исполнетоста, велат дека ова е една од најдобрите години.

Неколку илјади гости ја дочекаа 2024 година во свечен амбиент на Градскиот плоштад со голем огномет и добра забава. Исполнети до последно место беа и угостителските објекти, каде што се славеше до раните утрински часови. Дочекот со свечена вечера во дел од хотелите чинеше од 40 до 80 евра.

По неколкумесечна пауза убаво беше чувството охридската чаршија да се види исполнета со луѓе кои говорат различни јазици, а сепак се разбираат, бидејќи за музиката, песната и среќата не постојат граници.

Највеселата ноќ во годината траеше до раните утрински часови, а како и секогаш дочекот на новата година беше најмасовен на градскиот плоштад.

Градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков на Охриѓани и гостите им посака успешна нова година.

Како и секогаш на 1-ви јануари Охриѓани и гостите во текот на денот ги исполнија угостителските објекти во чаршијата и долж крајбрежјето, сумирајќи ги впечатоците од новогодишната ноќ, но и релаксирајќи се за забавите кои им престојат во текот на јануари.



## ,,ЗИМСКА ПРИКАЗНА,, ЗА ДОЧЕКОТ НА НОВАТА 2024-ТА ГОДИНА ВО БИТОЛА

Битолчани новата 2024 година ја дочекаа на платото пред Офицерски дом каде без огномет, но со незаборавни специјални светлосни ефекти и 3Д мапинг беше приреден спектакуларен дочек.

Богатата музичка програма „Зимска приказна" беше заокружена со битолскиот дувачки оркестар и актерот и стендап комичар Марјан Ѓоргиевски, а точно на полноќ бројните посетители ги поздрави градоначалникот Тони Коњановски кој се заблагодари на љубовта со која Битолчани и возвраќаат на Битола.

Битола може да очекува дека 2024 година ќе биде плодна и бериќетна. Во Клиничката болница во Битола и во приватната болница Плодност се родија две женски бебиња. Првото бебе кое се роди во Клиничката болница во Битола во 2 часот после полноќ беше женско. Среќната мајка Сара Велјановска се породи по природен пат и на бебето му го даде името Илина. Другите две бебиња кои во Новата Година се родија во битолската болница се машки. И во приватната болница Плодност, првото женско новороденче во 2024 година се роди десет минути после полноќ и се вика Антонија. Градоначалникот Тони Коњановски ги посети мајките и новороденчињата и во име на Општина Битола им подари пригодни подароци.

## ПРИЛЕПЧАНИ ВО НАЈГОЛЕМ БРОЈ НОВАТА ГОДИНА ЈА ДОЧЕКАА ВО СВОИТЕ ДОМОВИ

Во весела атмосфера и со многу желби за подобра, посреќна и побогата 2024 година, Прилепчани ја пречекаа Новата Година. Голем дел во своите домови, со семејствата и најблиските, а други уште викендот заминаа на прослава во и надвор од земјата.Прилеп годинава немаше организирана пролава на плоштадот, но на полноќ со огномет градските власти ја најавија Новата 2024 година.

Во Новата година, прво се роди женско бебе. Еден час и половина по полноќ, на Одделението за гинекологија во прилепската градска болница среќната мајка Низакете Керимоска од селото Црнилиште на свет го донесе своето второ дете. Од Одделението информираа дека и мајката и бебето се во одлична состојба. Во текот на првиот ден од годинава првото новороденче во Прилеп во новата 2024 година доби подароци од градските власти и градоначалникот Борче Јовчевски.

## КАВАДАРЧАНИ СО ГРЕАНО ВИНО ВЛЕГОА ВО НОВАТА 2024-ТА ГОДИНА

Општина Кавадарци организираше новогодишна про слава, дел од Кавадарчани ја дочекаа Новата година на градскиот плоштад, со музика и огномет.

Дегустација на греано вино, трка на дедомразовци, натпревар за најбрзо накитена елка, се само некои од настаните што беа дел од предновогодишната програма на кавадаречката локална самоуправа.

Кавадарчани имаа божиќен пазар, дегустација на топол чај и божиќни колачиња, новогодишна работилница, хуманитарна продажба на новогодишни дела, забава со спектакуларни маскоти, фотографирање со Дедо Мраз, настап на исполнители од музичкото детско фестивалче ,,Гроздоберче" и новогодишна бајка.

## КИЧЕВО БЛЕСНА КАКО ЛАС ВЕГАС ВО НОВАТА ГОДИНА

И оваа година Кичевчани со најразновидна пиротехника го најавија доаѓањето на 2024 година. Можеше да се види на небото огномет-амбиентот, а сите здушно си посакаа многу здравје, среќа, љубов и успеси на секое поле во новата 2024 година.

## ВО ГЕВГЕЛИЈА ОРГАНИЗИРАН ДОЧЕК НА НОВАТА ГОДИНА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД

Гевгеличани традиционално Новата 2024 година ја дочекаана Градскиот плоштад. Трета година по ред Општината го организираше новогодишниот дочек со богата културно-забавна програма.

-Гевгелија заслужува да биде урбано место со богати музички и други културни содржини преку целата година. Водејќи се од тоа дека традицијата треба да се негува, граѓаните повторно имаа можност заеднички да ја дочекаат Новата 2024 година на Градскиот плоштад во Гевгелија-изјавија од канцеларијата на градоначалникот.

Годинава за забавата за највеселата ноќ во годината беа задолжени Оливера Станковска, „Лајф бенд" и триото „Хитс", а исто така настапи и КУД „Танец" од Миравци, како и популарниот Дејан Малзарков со stand up комедија-Diverzija.

Гостин на новогодишната вечер беше познатиот македонски пејач Ристо Самарџиев со пријателите, кој ги забавуваше гевгеличани со својот познат репертоар.

## СВЕТОТ ЈА ПОЗДРАВИ НОВАТА 2024 ГОДИНА

Од Кирибати преку Австралија до Лондон - светот и' посака добредојде на Новата 2024 година со големи прослави и огномети.Луѓето на коралскиот остров Киритимати први и' посакаа добредојде на Новата година. Околу 7.300 жители на островот во 2024 година влегоа први во новата година. Еден час подоцна доаѓањето на новата година го прослави Нов Зеланд. На 31 јануари во 14 часот по средноевропско време, мега светлосно шоу го осветли небото кај Операта во Сиднеј, Австралија. Според организаторите, само во пристанишниот кварт биле испалени повеќе од 13.500 пиротехнички средства, со различни специјални ефекти. Покрај тоа, за прв пат имаше светлосни проекции генерирани од вештачката интелигенција - кои не предизвикуваат ниту загадување на воздухот ниту бучава. Околу милион луѓе го следеа во живо спектаклот во австралиската метропола, вклучително и посетители од Германија и други европски земји. Стотици милиони луѓе, пак, тоа го следеа на екраните ширум светот.Во Јапонија ѕвоната во храмовите ѕвонеа низ целата земја додека луѓето се собираа во светилиштата и храмовите за да ја пречекаат Новата година. Во храмот Цукиџи во Токио, на посетителите им се делеа бесплатно топло млеко и супа од пченка додека чекаа во ред за да заѕвонат на големото ѕвоно.Гигантски светлосни спектакли имаше во многу азиски градови.

Американска Самоа беше последната земја што влезе во 2024 година, цели 12 часа по Германија, а во 13 часот по средноевропско време следуваа уште само два ненаселени острова.

Новата година ја пречекаа луѓето во Лондон, каде имаше посебна годишнина. Британскиот главен град влезе во 2024 година со ѕвонот на Биг Бен и спектакуларен огномет кај панорамското тркало Лондон Ај. Пред 100 години, Би-Би-Си првпат во живо го емитуваше ѕвонењето на ѕвоната на Биг Бен на дочекот на новата година. Дотогаш, типичниот звук можеше да се слушне само за луѓето во непосредна близина на лондонскиот кварт Вестминстер.

Организација Обединети Македонци во Канада

# ГОЦЕВА КОМИТСКА ВЕЧЕР



UNITED MACEDONIANS

## 51TH ANNUAL GOTSE DELCHEV NIGHT

**Saturday, February 3, 2024**

**Сабота, 3ти февруари 2024, 6:30pm**

MOC St. Clement of Ohrid - 76 OVERLEA BLVD, TORONTO, ON, M4H 1C5

*Music by: "Sonja&Oliver Band"*
*with Stiv Sturevski*

Влезници:За возрасни $70
За деца до 12 години $30

## Концерт на македонски родољубиви песни
со познати музички уметници од Канада, САД и Македонија
Од 19-20 часот



Менде Куновски



Соња и Оливер



Жаклина Марковски



Крис Клашоф



Душко Петкоски



Стив Штуревски



Драганчо Коминовски



Ашли Клашоф

For more information and reservation please contact us at: **416-823-6520**

# Крстозбор

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



ЧЕСТИТИ ЈАНУАРСКИ ПРАЗНИЦИ

ПРЕТСТАВУВАЊЕ, ПОФАЛБА / НЕИЗВАЛКАН

Р

ОСТАРЕНА, ВО ГОДИНИ

ГОРНА ВНАТРЕШНА СТРАНА НА ПРОСТОРИЈА

К

ЖЕНСКО ИМЕ / ЛИЧНА ЗАМЕНКА

ВИД РИБА (МН.) / БЕЛГИЈА

Л

ПОТРЕБА, ЖЕЛБА ЗА ПИЕЊЕ

М

МИТСКИ КРАЛ НА КРИТ / МЕСАРИ

ЧИТАЈТЕ ВО ВАШИОТ ВЕСНИК

ПРАЗНИКОТ БОЖИК

ЦЕРЕМОНИЈА НА ВОДИЦИ

БОЖИКНА ЧЕСТИТКА

РОБЕРТ ФИШЕР / ТЕМПО

Д

ЧЛЕН НА СЕНАТ / ОПРЕМА И НАКИТ ЗА КОЊ

ДИКТИРАЊЕ (МН.) / ГЛОРИЈА

ЕГЕЈСКИ ОСТРОВ / "ТРАФОСТАНИЦА"

ЖОЗЕФ ЛАГРАНЖ / "НАРОДНА РЕПУБЛИКА"

ТРАДИЦИОНАЛНА НОВОГОДИШНА ЧЕСТИТКА

С

ТВРДОГЛАВОСТ

РУСКА ЗАПРЕЖНА КОЛА / ВЕТО

ЖЕНСКО ИМЕ / РЕОМИР

"РАДИО-ИНД.СТР. ЗАГРЕБ" / МУСЛИМ. ЖЕН. ИМЕ

ВЕРСКИ ОБЈЕКТ / ОБЛОГА ЗА ПЕРНИЦА

ПЛАНИНА ВО ХЕРЦЕГОВИНА

Џ

ИТАЛИЈА / СТРАНСКО МАШКО ИМЕ (ИСАК)



П

СЕЛЕН / МАЛО НЕБЕСНО ТЕЛО (МН.)

НАЈЗНАЧАЈНО СВЕТО МЕСТО ВО ИСЛАМОТ

ИВАН ЦАБКАР / ОСМИ ТОН НА ДИЈАТОНСКА СКАЛА

ЛУДОЛФОВ БРОЈ (3,14)

УНГАРСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ / ВИД МОРСКА РИБА

НЕРВНА РАЗДРАЗЛИВОСТ

ПРЕДГРАДИЕ НА ПАРИЗ

М

ПЕЈАЧКАТА ГИЕВА

СВЕТА ГОРА / ГЕРМАНСКИ ДРАМАТУРГ БЕРТОЛТ

СПРАВА ЗА МАТЕЊЕ / НЕУТРОН

БАЛЕРИНАТА ПЕНУШЛИСКА / ВАСИЛИЦА

Б

ГРАД ВО ЈАПОНИЈА

НОРВЕШКА / ОРЕГОН

МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ

АФИРМАЦИЈА, ПОТВРДА

КИСЛОРОД

ПОЛЗА, БЕНЕФИТ, ДОБИВКА

К

ПРАТАТКО НА ДОРАНИТЕ / ЕКС ЈУ ПЕЈАЧКА

ЖЕНА ТУТОР

ВИОЛЕТА ТОМОВСКА / МИРНО, СПОКОЈНО

ТРОПСКО ОВОШЈЕ / ИЗОТОП НА РАДОНОТ

СТАРОЕГИПЕТСКИ БОГ / ТЕАТАРСКА ЗАВЕСА

Р

ВИД ПАПАГАЛ

УПРАВУВАЧ СО КРАН / МАНУСКРИПТ

ПОГОЛЕМ ДЕЛ ОД НЕШТО / РЕКА ВО ФРАНЦИЈА





УРНАТИНА / ВИД КУБАНСКИ ТАНЦ

ТОМЕ АРСОВСКИ / ВИД БОЛЕСТ, ХЕМОРОИДИ

Л

С

АНГЛИСКИ УТОПИСТ ТОМАС / БОГОЈАВЛЕНИЕ

ДОЛЕН ДЕЛ ОД САДОТ

НАЈГОЛЕМ МОРСКИ ЦИЦАЧ

ЕКС БРАЗИЛСКИ ФУДБАЛЕР / ЛОША СУДБИНА

Л

ОЛГА СПИРИДОНОВИЌ

ПРЕРИСКИ ВОЛК / ДРЖАВА ВО АФРИКА

ГРАД ВО ФРАНЦИЈА / НАТАЛИ ВУД

МАЛ НОЖ

БИДИСТИЧКИ ХРАМ

ЕЛЕКТРОН / "АФРИКАНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОНГРЕС"

С

ГРАНИЧНА ВРЕДНОСТ (МН.)

ЕХО, ЕЧЕЊЕ

У

ПАМЕТ, РАЗУМ

БОКСЕРСКО БОРАЛИШТЕ

ИСТОК / ПРАЖИТЕЛИ НА БАЛКАНОТ

ОКЕАНСКО ДНО ПОД 4000 МЕТРИ / НУДИСТ

ДЛАБОКА БАКАРНА ЧИНИЈА

ЗНАЧИТЕЛЕН ПО РАЗМЕР / НАШ ПЕЈАЧ НИКОЛА

ГРАД ВО ЦРНА ГОРА / НАТРИУМ

ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТ / ДЕНАР

ГОЛЕМ ПРАЗНИК РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО

РЕКА ВО АФРИКА / ПЛАТЕЖНО СРЕДСТВО

ГУВЕРНАНТА / ГРАДСКА ТВРДИНА

Б

СИЛЕН СТРАВ / ПРЕВЕЗ





ОВОШЈЕ СО ТВРДА ЛУШПА / ДИМЕ ИЛИЕВ

ЖАЛНА ВРБА / ОСМИУМ

МЕРКА ЗА ТЕЖИНА / АУГУСТ ЦЕСАРЕЦ

ВИД РАСТЕНИЕ, ЈАГЛИКА

СВРЗНИК / АМПЕР

СТАРА НОВА ГОДИНА

ЕЛИЗАБЕТ ТЕЈЛОР

*РЕШЕНИЕ:* ЧЕСТИТ БОЖИК, РФ, ДИКТАТИ, СЕНАТОР, СЛАВА, РОДОС, ЖЛ, ТАРАНТАС, САНДА, РИЗ, МАНАСТИР, ПРЕЊ, ЦЕНАНА, И, ПИ, СЕ, ЌАБА, ИЦ, МТК, НЕРВОЗА, СЕВР, МАТАЛКА, АТОС, Н, НАТКА, БРЕХТ, ОСАКА, Н, ДОР, ВТ, АВОКАДО, ОЗИРИС, РААТ, АРАРА, КРАНИСТ, ГРО, РУИНА, ТА, ЛОАР, САЛСА, МОР, ДНО, КИТ, ВАВА, ЛИОН, ОС, КОЈОТ, НВ, ПАГОДА, Е, СААН, И, АБИСАЛ, ГОЛЕМ, РИСАН, ЦИНК, БОЖИК, НИЛ, ДАДИЛКА, БАДЕМ. ПАНИКА, ДИ, ИВА, ГРАМ, ЕНОТЕРА, ИЛИ, ВАСИЛИЦА, ЕТ

# LOFRANCO CORRIERO
PERSONAL INJURY LAWYERS



## SADO MEMETI
CLIENT SERVICES

**Dir: 416-618-5526**
**Fax: 416-223-3404**

*425 Britannia Rd East, Unit 122*
*Mississauga, Ontario L4Z 3E7*
*sado@lofrancolawyers.com*

*5255 Yonge Street, suite 200*
*North York, Ontario M2N 6P4*
*www.lofrancolawyers.com*



**Call Sado if you have a serious personal injuries or injuries from car accidents.**
Адвокатската канцеларија ќе ви помогне при сериозни лични повреди и повреди здобиени во сообраќајни незгоди.
LANGUAGES SPOKEN :
English, Macedonian, Serbian, Croatian, Bosnian, Albanian
**Садо течно зборува македонски**, српски, хрватски, босански и албански јазик.

AUTO SALES
ALEXANDER THE GREAT INC.
THE WHEELS TO CONQUER YOUR JOB

# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

### Address
### 2695 Durante Way, Milton, ON, L9T 5J1

## Sales: 833-216-1270

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| Monday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Tuesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Wednesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Thursday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Friday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Saturday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Sunday | Closed |






# Pearl White

Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist: Atina Gorgiev RDH

☆ Macedonian Senior Teeth Cleaning Special $99

☆ Teeth Whitening Special $129

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3

**СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ**




**СРЕЌЕН БОЖИК**



ROYAL LEPAGE Signature Realty
IND. OWNED & OPERATED BROKERAGE

# MAYA MIKAROVSKA

Sales Representative

647.459.4637

Maya@YourTOrealtor.ca

**Ensuring hassle-free real estate transactions:**

- Free home staging
- Free professional photography
- Reno/home design consultation
- Outstanding service, commitment to excellence

*Let's achieve your real estate goals. Contact me today for a confidential, no obligation consultation.*




# Dr. Elizabeth Dimovski

**Family Dental Office**

**Home of the FREE Custom Mouth Guard**

**For all our sports-playing patients! Call for details today!**

**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**

**905-458-6620**

# ДРУШТВОТО,,МАЛА ПРЕСПА,, ВИ ГИ ЧЕСТИТА НОВАТА 2024 ГОДИНА И БОЖИК!




## МАКЕДОНСКА ЗАЕДНИЦА ВО АЛБАНИЈА
## СТЕРЈОВСКИ: БИТКАТА СО БУГАРИЈА КОЈА ПРЕТЕНДИРА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ДА ГИ ПРИКАЖЕ ЗА БУГАРИ Е СТАРА 150 ГОДИНИ

**Албанските медиуми и понатаму отстапуваат посебен простор за македонската заедница во земјата, посебно околу случувањата пред и за пописот на населението и бугарската агресија “во областите и градовите каде живеат Македонци, да покаже дека живеат Бугари“.**

Последно, тема околу Македонците, третираше албанската телевизија СОТ7 во емисијата “Конак“, во која Васил Стерјовски, претседател на македонската партија во Албанија - Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ), одговара на прашањето “дали постои со документи македонска нација во Албанија пред 1944 година и од кога е призната од албанските власти“.

- Како македонска заедница живееме долж албанско-македонската граница - Врбник, во областа Девол, Преспа, Гора и Голо Брдо. Сите овие области преминаа на албанска територија во 1923 година. Точно 100 години како сме на албанска територија како македонски области, македонска заедница. Во 1921 година, Албанија призна две малцинства пред Лигата на народите, грчкото на југ и српското малцинство на север. Тогаш, во тој период, ние не бевме дел од албанската територија. За Албанија меѓународна обврска беше да ги признае овие малцинства. Ние тогаш не бевме дел од Албанија. Во 1923 година имаше Комисија за утврдување на границите на Албанија, со Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и со Грција. Посебно за делот од селата во Охридско-преспанскиот регион, за 18 села, за кои Бугарија претендираше. Уште од тогаш е овој проблем. Проблемот со Бугарија е стар 150 години, не е сегашен. Значи, Бугарија претендира дека овие 18 села од Врбник, наваму до Лин се бугарски села, - вели Стерјовски.

Значи не е сегашен овој проблем, го потпрашува новинарот. “150 години како ја имаме оваа војна со Бугарите, не е денешна. Но, сега стана членка на ЕУ и ни поставува услови. Во тоа време, претседателот на Комисијата за разграничување на границите, Енрико Телини, заедно со другите генерали, направил анкета во овие 18 села и испратил извештај. Ова е извештајот од 2 август 1923 година, испратен од италијанскиот конзулат од Драч, до италијанското МНР каде пишува: Во врска со овие села за кои претендира Бугарија, пишува дека кога ги карактеризирав овие села, јас намерно го користев општото име македонско, а не бугарско, бидејќи секаде кога ги прашував жителите за нивната националност, тие одговораа Македонци, а кога додавав Бугари, повторно одговораа Македонци. Потоа, уште еден документ од италијанското МНР каде се известува бугарската страна, генерал Марков, дека овие села за кои се претендира дека се бугарски се самоизјаснети за Македонци во 1923 година! Изјаснети се пред Комисијата за разграничување на границите дека се Македонци и тоа се италијански документи каде пишува дека се Македонци, а не Бугари! Еве имаме документи за тоа“, - посочува Стерјовски. Додава, дека бугарскиот аташе во Истанбул тогаш го известува бугарското министерство за внатрешни работи и му пишува, дека “во нашите села, тие се декларирале Македонци, а не Бугари“. И другиот член, кој бил во оваа комисија, од Франција, според Стерјовски, генералот Андре Орион, и тој истото го пишува, кога се поставија конечните граници, областа на Преспа да премине во Албанија.

- Значи се декларираат Македонци?- е следното прашање.

“Се декларираат за Македонци и пишува дека еден жител од Глобочени, кога го прашав, Кажи ми сега за ова одлука со која сега ќе преминете со Албанија. Што мислиш? Тој пишува дека го видел дека е тажен и ми ја даде оваа изјава. Неговите мемоари сега се објавени и на албански јазик во Албанија од неговиот внук. И пишува: “Ние Македонците немаме еден татко, еден претседател. Нема ништо потажно за нас кога гледаме помали земји како Бугарија и Србија како се обидуваат да ги земат нашите територии. Ќе бидеме среќни кога самите ќе се администрираме, од вистинските Македонци“. Оваа изјава ја дал жител на Глобочани, родното село на Стерјо Спасе во 1923 година“, одговара Стерјовски. Јасно, констатира новинарот и прашува каде ја дал оваа изјава или пред комисијата?

“Пред францускиот генерал чиј внук ги објавил неговите мемоари од 1923 година. Жителите на македонската заедница но и на целиот регион емигрирале, во различни земји, за подобар живот во емиграција. Неодамна направив изложба, и лани но и оваа година, со овие документи, и интересно е, на пример, од крајот на 19 век и почетокот на 20 век кога емигрирале во Америка и таму и им ги запишувале сите податоци, земјата од која доаѓаат и етничката припадност. На пример, имаме жител на Билишта кој емигрирал од Турција во 1907 година, за националност се изјаснил Македонец, емигрирал во Америка, Васил Спиро се изјаснил како Македонец и е запишан како Македонец во имиграциските регистри на Америка. Има илјадници документи, но јас донесов неколку. Од Пустец. Жител на Пустец 1907 година. Исто, после 1920 година емигрирале за Австралија. Овој повторно е жител на Билишта 1927 година, Кристо Пинко кој се декларирал како Македонец во Австралија пред австралиските емиграциони власти. Пишува дека доаѓа од Албанија, националност македонска. Имаме уште еден случај, Коле Нестор, 1927 година, од Глобочени. Друг случај од 1938 година од Пустец, Петко Колефски, кој се декларирал како Македонец. Зборувам за архивите на Австралија. Уште еден документ. Ефтим Петко е од Шулин, емигрирал во Аргентина во 1917 година, вели тој покажувајќи документи за тоа. - Како се декларира?

“Како Македонец и што пишува во неговите белешки. Пишува, доаѓам од Шулин, од Македонија и пишува дека во 1912 во Преспа дојдоа Србите, во 1913 дојдоа Бугарите, до 1924 година беа Грците, од 1924 година поминавме во Албанија. Сите овие се факти од светските архиви каде се изјаснети за Македонци, без да имаме македонска држава. Сега да се вратиме на вашето прашање. Во 1944 година по ослободувањето на земјата. Сакам да напоменам дека за време на Втората светска војна, македонската заедница учествуваше во партизанското движење и во Македонија и во Албанија во заедничката борба против наци-фашизмот. Затоа што тогаш, тоа беше заедничка војна и благодарение на нивната пожртвуваност, ние имаме и херои кои загинаа во Македонија против бугарските окупатори и во Албанија против Италијанците и Германците. Тие се наши херои“, - оценува тој.Благодарение на нивната пожртвуваност, констатира Стерјовски, ние се признавме како малцинство во 1944 година и имавме право на образование на македонски јазик!

## ПОТВРДИТЕ ЗА ЛАЖНИ БУГАРИ ВО ГОЛО БРДО, ПОТВРДУВА ДЕКА ПОПИСОТ Е ФАЛСИФИКУВАН!

-Македонското друштво "Илинден"-Тирана го поздравува откривањето на скандалот со лажните потврди за бугарско потекло на Македонците во областа Голо Брдо.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана ја поздравува ангажираноста на новинарите на емисијата “Фикс фаре“, на телевизија “Топ чанел“, за истражувачката сторија во која се потврдува како за пари се издава лажна потврда за бугарско потекло во административната единица Острени, областа Голо Брдо. Тоа е уште една потврда дека пописот на населението во Република Албанија помина со многу проблеми и лажирање!Македонското друштво "Илинден"-Тирана упатува голема благодарност до новинарите на оваа позната емисија, која досега има откриено низа коруптивни афери. Тоа е уште една потврда за она што ние редовно предупредувавме, дека пописот во Република Албанија беше следен со многу проблеми и нерегуларности.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана, исто така, ја поздравува експресната акција на полицијата која ги приведе трите лица вмешани во овој скандал.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана пред пописот и за времето на пописот постојано посочуваше за притисок од страна на поединци и бугарските институции, со цел да не се добијат точни податоци за етничката припадност на населението во овие предели. Таквите напори јасно и недвосмислено беа поддржани и од локалните личности.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана потсетува дека јавна тајна е: Не само во најсиромашни области во државата, областите Голо Брдо, Мала Преспа и Гора, има најголема концентрација на Македонците. И по градовите Тирана, Драч, Елбасан, Либражд, Кукс, Корча и други се вршеше невиден притисок од поединци од Бугарија, но и од високи политички личности на Бугарија, како потпретседателката Јотова и бугарскиот амбасадор во Тирана, преку уцени, поткуп и слично се бараше Македонците да бидат попишани за Бугари.Македонското друштво "Илинден"-Тирана постојано посочуваше дека Македонците во текот на пописниот период и пред тоа, беа уценувани дека, ако не се попишат како Бугари ќе им бидат отфрлени барањата за добивање бугарско државјанство или ќе им се одземат веќе добиените државјанства и пасоши. На таквиот чин на апликирање, жителите во овие краишта беа присилени поради големата сиромаштија, да заминат во европските земји заради обезбедување основна егзистенција.

- Со оглед на последните случувања во врска со лажните потврди, јасно е дека бројот на таканаречените Бугари во Република Албанија ќе биде само лажна бројка потребна да се задоволат апетитите на Бугарија, која како членка на Европската Унија ја уценува Република Албанија со вето на нејзиниот пат кон европското семејство, изјавија претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај и претседателот на Македонското друштво “Илинден“-Огранок Голо Брдо, Фатри Фетаху.

# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (9)

Македонските патриотски движења во Торонто ќе бидат будно следени од тајните служби на Југославија, поткажани секако од нашите македонци, за покасно да изигруваат некакви си патриоти. Тие нема да бидат поштедени ни од бугарските и грчките државни служби. Сите ќе имат една иста заложба како да ги замолчат патриотите "кучкарите", затоа што нивната мисија не беше во интерес на овие држави.Тоа за нас не е ништо ново, нити тогаш нити пак сега. Од нас се бара да бидеме мирни , послушни, да не чепкаме по историските факти, нашето горливо прашање само да тлее тажно, оти од него секој се плаши.

Активистите од Македонскиот Национален Комитет, Торонто, за некои "кучкари" велат: она што тлее, долго трае, тоа мало жарче со времето ќе прерасне во голем оган, дури тогаш ќе сфатиме колку е големо и свето македонското дело и со колку крв е створено , а наше е како да го зачуваме ".

Така ќе рече и Блаже Конески: " Името ни е големо ќе посегнат да ни го земат". Македонскиот поет, писател и лингвистички научник. Човекот кој има најголем придонес во кодификацијата на стандардниот македонски јазик, тој како клучна фигура што ја обликува македонската литература што внесе имиџ на еден интелектуален живот во Македонија, и покрај тој голем влог кон македонското опкружување тој е обвинет за србизација на македонскиот стандарден јазик. До својата смрт Конески твореше , создаваше за да бидеме препознатливи и различни од другите, не го виде менувањето името на својата земја, што ни на сон не би го сонувал тоа, а неговото грло на творецот ќе биде преполнето со горчлива тага што не ќе може никогаш да ја проголта.

Македонците во Канада, со исклучок а и оние населени по сите меридијани искалемени со патриотски чувства , тие биле убедени дека една библиска земја со вековно опстојување ќе се задржи до вечноста со исконското име Македонија, но не било така. Кога имаш зол човек како Зоран Заев во кого влегла сатаната, тоа неприродно суштество не само што го промени името на Македонија тој ќе уништи и она што не се уништува, џабе му е пирејот на Петре Андреевски, Зоки ќе најде чаре и тој да го искорени.

Има една народна поговорка која вели: " Ако облаците се соберат ќе врне дожд – ама ако народот се собери, тоа ќе биде сила". До такво народно собирање и таква сила не се дојде нити дома нити надвор. Сигурно дека во дијаспората имаше организирани здружувања на културна основа, но оние друштва од патриитски-национален карактер, ја губеа својата цел и смисла оти во нивните средини се бунтуваше љубопитноста, завидливоста, себичноста, егоизмот... Во Европа подолго време ќе се забележува меѓусебно препукување и ривалство, кој да биде на врвот и кој да ги има весниците. Нешто поразлично беше и на американскиот континент. Тука на Окамовците "кучкарите" му зеде повеќе време за да покрстат многу мал број во нивниот стоицизам , за да си член во организацијата ОКМ, "ќе треба да си стоик човек" ќе рече Александар Костов, еден од првичните "кучкари".

Тој, целото свое живеење во Канада и го посветил на македонската кауза. Тоа не е доволно ќе рече тој: "Татковината е створена со крв и се брани со крв. Ова парче македонско не е добиено како подарок на дланка , за таа наша мила Македонија дадени се многу животи, извојувани се многу крвави битки затоа смртта е мила кога се пречекува гордо, и кога се умира смело за земјата на која верно и служиш. Ако ние залудно го трошиме нашето време, само со зборување и со неискористени идеи, тоа време не ќе има никаква значајност за македонската посебност,или ако ние не ги насочиме нашите делувања кон татковинската кауза,и макар тие да се крвави, тогаш ние не сме се придржувале кон принципите на Организацијата и лојалноста кон татковината Македонија, тогаш ние не заслужуваме некој да не охрабрува".Таков беше Александар Костов (Цане) челичниот мудрец на ОКМ,Торонто. Британскиот писател К.С.Луис еднаш рече: "Не може да се постигне голема мудрост без жртва".

Да го земеме за пример Петре Андреевски кој несомнено е еден од најголемите македонски прозаисти, поети, писатели и драмски автори во поновата македонска литература и историја. И по смртта неговиот светилник ќе продолжи да ги осветлува патеките по кој ќе чекориме ние и генерациите што ќе доаѓаат по нас за да опстоиме како народ и држава. Во збирката "Дениција" го гледаме неговото големо чувство и почит кон родната земја па ќе напише: "Кога ја љубев Деницијa, како да учествував во создавањето на првата македонска држава". Тој не еднаш не потсетува колку е мила татковината и како треба да се сака. "Не дозволувајте некој друг да ни ја контролира и нашата свест и нашата национална гордост" и неговата порака кој знае по колку пати гласи: "Да си го вратиме достоинството, храброста и вистината за себе". Жалосно, многу жалосно не го послушавме академик Андреевски, дозволивме други да ни диктираат, да ни ја контролираат нашата национална свест, да ни ја пишуваат нашата историја и да бришат се што е наше македонско , што сме го чувале со векови.

Затоа некој за него ќе напише: "Андреевски создаде дело што не само ја смени свеста за литературата кај македонскиот читател , кое не само што иницира цели генерации што се угледува на тој модел , туку ја смени и македонската критичка свест. Својата вечна преокупација ја ситуира во родниот крај, но со тоа , не стана локален или регионален автор, зашто успеа преку универзализацијата на локалното, својот крај да го постави како центар на светот".

Македонците низ вековите му покажале на светот дека знаат како да се борат за својата земја, но и како да умираат за неа, за македонската национална кауза. Она што е надчовечко и најсвето за еден народ не се стекнува во еден ден, но се чува и пренесува на генерации и генерации. Тоа најдобро го претскажал Горан Стефановски, еден од големите македонски творци, драмски писател, есеист, сценарист со што си овозможи да завземе значајно место во современата македонска книжевност . Тој остана да биде брилијантен писател, драматург кој напишал многу драмски дела што ја отсликува македонската трагедија. Еве ја и неговата изјава, колку е жално да бидеш македонец:

"Она чувство што е присутно кај поголем број Македонци, и онаа загриженост, дека нешто од нашето тело се кине , се одвојува. Она духовно насилство врз македонскиот идентитет што некој ни го нафрлува, треба да ги загрижува сите македонци не само дел од нив. Ние тотално го губиме нашето национално и човечко достоинство, тие свети и што ни биле оставени од аманетот на нашите предци, наместо да ги чуваме за да им ги пренесеме на нашите генерации што ќе доаѓаат по нас, ние ги даваме поклон само за да бидеме добри со нашите лоши комшии". " Тешко е кога човек е странец во странство. Но уште потешко е кога човек е странец дома. Најстрашни се оние времиња кога самиот дом се претвора во туѓина, во денес, во јабана. Кога човек е на своето огниште, а саштисан и отуѓен како змија да го полазила. Кога е внатрешно раселено лице. Кога т'гата не е поради отсуство туку поради присуство. Кога седи среде куќи, а не може да си ја препознае домата ".

Многу македонци како Горан Стефановски ја чувствуваат македонската голгота. Македонскиот народ во минатото поминал низ многу страшни голготи, и колку мислевме дека тоа е само минато, дека минатото останува зад нас, и се заборава, но и во 21 век кај нас тоа се повторува.

И замислете дури и во едно ново столетие се забележуваат небулозности со македонското "да бидеме или да не бидеме", некој да те омаловажува, да те оспорува дури како да се идентификуваш, ова не е сватлив и необјасниво. Секако дека овој потфат на Бугарија што сака да ни биде пријател не е нов, тој е присутен повеќе од 150 години како што тврди професорот Чеперганов. Тој вели: "Бугарија нивните националистички погледи неможеше да ги реализира пред 150 години, тој момент го користи сега со слабото владеење на Зоран Заев и СДСМ".

Професорот Улф Брунбауер кој е раководител на одделот за историја на југоисточна и источна Европа на универзитетот во Регенсбург, вели дека меморандумот испратен од бугарската дипломатија до ЕУ , е само начин за Бугарија да изврши притисок со наметнување на националистички поглед кон историјата и културата кон друга земја и нејзиниот народ . Тоа би било како Германија да им каже на Австријците дека се Германци, или Данска да ги нарече норвежаните како аномалија затоа што некогаш биле дел од нивната империја и затоа што нивниот стандарден јазик подоцна се развил и се одделил од Данскиот", изјави за Дојче Веле професорот Брунбауер. Овој Германски историчар смета дека оваа тактика од страна на Бугарија нема да донесе ништо корисно , едно вакво толкување за историјата и јазикот може само да ги разгори страстите на националистите од обете страни на границата. Тој го повика Брисел и посебно Берлин како Германија сегашен посредник на Европа да изврши притисок врз бугарската влада да не излегува со такви неосновани ставови, оти дека тоа нема никаква врска со критериумите што треба да ги исполни една земја за да биде примена во Европската Унија".

Многу аналитичари од Македонија и од Бугарија, па дури и некои странски, сметаат дека меморандумот доставен до ЕУ е само пропаганден измамнички трик на владата на Бојко Борисоф со цел да го сврти вниманието на јавноста од повеќемесечните протести против бугарската влада за симнување од власт на Борисов за слабото и коруптивно работење.

И покрај тоа бугарскиот член во Европскиот парламент Андреј Ковачев , упорно тврди дека: "протестите во Софија намаат никаков соодноc со ова", а ние треба да бидеме имуни и да му веруваме. Тој за Дојче Веле на македонски јазик изјави: "Новата влада во Софија (ако дојде до тоа) нема да ја смени својата позиција, дека на Северна Македонија нема да и биде дозволено да започне пристапни преговори доколку не ги прифати бугарските барања". Меѓу другото Тој како член на владеачката конзервативна партија во Бугарија ГЕРБ , ќе додаде: "Не се надевај! Никогаш повеќе нема да најдете предавник како Ѓорѓи Димитров во Бугарија". Се мисли на првиот бугарски комунистички водач (1946-1949), во неговото владеење тој го призна постоењето на посебна македонска нација и македонски јазик. Во тоа време не само што беше признат македонскиот јазик,туку беше дозволено и да се изучува, по што стотици учители од република Македонија беа испратени во Бугарија за да се обучуваат младите и повозрасните македонци.

И сега доаѓаме до она небулозното, не се признава нешто што не постои , туку нешто што било оковано со многу столетија. Бугарија еден ден ќе мора да свати дека македонците се домороден народ и тоа вековно и цврсто закоравено племе ќе биде вечна болка за бугарските Сансетфански сонувања. Американскиот писател, раскажувач, романсиер, новинар... Ернест Милер Хемингвеј, добитник на Нобелова награда за литература, познат по неговиот авантуристички начин на живеење, неговите мислења како да се совпаѓаат со македонската трагедија затоа тој ќе рече: " можат да не понижуваат, но не можат да не понижат"

Продолжува



ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

Управниот одбор на пензионерското друштво "Ривер Сајд" од МПЦ Св.Илија, Мисисага, со најубави желби ви ја честита Новата Година и православниот Божик.
Претседател, Горнан Јовановски.

## БОЖИКНА ПРОСЛАВА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБ ОД ВУДБРИЏ
## WOODBRIDGE MACEDONIAN SENIORS CLUB - CHRISTMAS PARTY 2023







Во пресрет на Канадскиот Божик, македонското пензионерско друштво од градот Вудбриџ кое го сочинуваат претежно канадски пензионери од македонско потекло со корени од Егејскиот дел на Македонија ја организираше годишната предбожикна прослава.
Прославата како и секоја година се одржа во просториите на клубот кои се наоѓаат во Woodbridge Memorial Arena, 5020 Highway #7, Woodbridge, ON L4L 1T1, а истата беше удостоена од низа почесни гости од градот Вон и македонската заедница во Канада.
Претседателката Драгица Димовска со управата на друштвото на оваа прослава и го дадоа и нашиот препознатлив православен македонски печат, прогласување на кум на свеченоста и благословување на лебот, виното и пченицата. Годишна кума беше Џина и Џон Билкас, а за догодина кумството го презедоа Џоана и Дени Мисиос. Осветувањето на погачата беше извршено од страна на отец Горан Ристески, парохиски свештеник во МПЦ Св. Димитрија Солунски од Маркам. Исто така на свеченоста присуствуваа и претседателот од црквата Свети Димитрија Солунски Диме Малаковски, претседателот на Македонската катедрална црква во Торонто Свети Климент Охридски, Борис Стојкос, претседателот на леринското друштво Грегори Цанев, претставници од канцеларијата на членот на канадскиот парламент Франческо Сорбара, како и градоначалникот на градот Вон, Стивен Дел Дука.
Градоначалникот Дел Дука како и секоја година лично ги поздрави Македонците, посакувајќи им среќни и весели Новогодишни и Божикни празници и при тоа не го криеше задоволството и воодушевувањето од начинот на кој нашите луѓе се веселат и радуваат, восхтен од убавината на нашите песни и игри. Тој при тоа им соопшти дека наредната година пензионерскиот клуб ќе добие паричен грант како поддршка за нивната работа низ годината. Според зборовите на претседателката Драгица Димовска за неа, управниот одбор и сите членови на пензионерското друштво од Вудбриџ и оваа година беше многу успешна и сложна, а бројот на активностите задоволителен. Во забавниот дел со песни и ора од Македонија учествуваа Соња и Оливер Бенд со Стив Штуревски.

## ПРАЗНИЧНА СРЕДБА НА ПИСАТЕЛИТЕ ОД ЛИТЕРАТУРНОТО ДРУШТВО "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"







На 17-ти декември минатата 2023 година се одржа традиционалната празнична средба на членовите на Литературното Друштво "Браќа Миладиновци", а тоа беше збогатено со настапот на учениците од училиштето за македонски јазик од црквата Св.Климент Охридски кое го предводи учителката Снежана Тешовиќ. На средбата со младите ученици госпоѓата Вера Самарџанин, член на друштвото, им подари книги на децата, а моментот беше искористен да се прослави роденденот на најмладата членка на литературното друштво, госпоѓицата Стефани Костов.
Претседателот на ,,Браќа Миладиновци,, гранка на МПЦ Свети Клиемнт Охридски, Торонто, Зоран Карапчнев на сите членови и на Македонците во Канада и ширум светот и ги честита Новогодишно-Божикните празници.

## Aco Šopov Event with Christina Kramer and Rawley Grau, December 7, 2023 - St. Clement Macedonian Orthodox Church



Vesna Karapetrova, Mary Outow, Rawley Grau, and Christina Kramer






The Canadian Macedonian Heritage Society and the Literaturno Drushtvo Brakja Miladinovci were proud to present and host the above evening. Both organizations would like to thank all those who attended the event, St. Clement Church for providing the venue and Pope Sasho and Pope Alexander, and their families, for their attendance.

“Aco Šopov gives us the fire smoldering in the roots of trees, in the black sun, in the silence before the poem is composed. These poems burn with old fires, medieval battle cries, primordial limestone. This is a book for spelunkers and myth-makers. Grau and Kramer translate with the strength of blacksmiths working iron. The fire in these poems has been coming for a long time, indeed. I'm glad it's here.”

—Sean Cotter, translator of Solenoid and FEM

The above quote describes perfectly the ambiance felt by the audience at the above event. Professor Emerita Christina Kramer and award-winning Translator Rawley Grau captured the essence of the master Macedonian poet, Aco Šopov, and his powerful work. The Long Coming of the Fire, by Aco Šopov, was translated beautifully into English by Christina Kramer and Rawley Grau.
During their presentation, they discussed their three-year process of translating this work into a bilingual publication, read in both Macedonian and English, some of the poems that touched them personally and deeply, and answered questions from the audience that brought an understanding of Aco Šopov's work to another level.

Thank you to Christina Kramer and Rawley Grau for their time, but more importantly, for their dedication and love for what they do. Their commitment to capture the heart and mind of Aco Šopov is evident in the book they have produced.
This significant project, published by Deep Vellum Press (Dallas, Texas), was supported, in part, by Nova Generation, United Macedonian Diaspora, and The Department of Slavic Languages and Literatures at the University of Toronto.
If you are interested in purchasing a book, please contact the publisher, your local bookstore or Amazon.

CANADIAN MACEDONIAN HERITAGE SOCIETY

## ПОЕЗИЈА СО ПОВОД – ПИШУВА И УРЕДУВА БЛАГА ДАФОВСКА



**ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ, -ЗДРАВО !**

Празнично расположени и весели, понесени со нови сили се наоѓаме на почетокот од Новата 2024 година. Ја испративме старата и радосно зачекоривме во Новата година. За сите и насекаде да ни биде стреќна и успешна, како и честит Божиќ !

Но, каде и да сме, нема да ја заборавиме Македонија и аманетот на нашите прадедовци искажан преку Новогодишна народна честитка :

**Ајде за многу години,**
**в' година повесели, порадосни**
**со јариња, со јагниња, со дечиња во куќите,**
**со бериќет низ полето.**
**Кај се ора да се роди, по полето вино-жито**
**по планини мед и млеко.**
**Исчекале и в година порадосни, повесели !**

Од рубриката „Поезија со повод“ со уредникот и учителката Блага Дафовска, со најубави желби испраќаме Новогодишни и Божиќни честитка до Црковната управа при МПЦ. „Св. Климент Охридски“ Торонто со претседателот Борис Стојкос, до свештениците Сашо Целески и Александар Тодоровски, до персоналот и секциите при црквата.

Со песна и оро, весело да ги прославиме празниците. Новогодишно-Божиќни и други песни од народното творештво застапени се во Зборникот на Миладиновци, за кои ќе стане збор, зашто:



**Две Струшки сончогледови сонца**
**не греат во секое годишно доба;**
**со нивното дело и вечноста на зборот ја гонат и**
**уништуваат секоја злоба...**
**да исчезнат војни и граници што не делат...**
**мир насекаде и секогаш да има.** Б.Д.

## БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ – МОСТ МЕЃУ МИНАТОТО И СЕГАШНОСТА

Ако некој од македонските писатели и преродбеници треба да се истакне за заслугите и делото од времето на националната преродба, од периодот на 19 век, одговорот ќе биде јасен, дека несомнено тоа се браќата Димитар и Константин Миладинови. Нивното дело претставува капитално наследство во македонската книжевна историја а нивната популарност видлива е и денес преку повеќе културни настани, асоцијации и литературни друштва кои го носат нивното име и ги слават низ годините. Како добар пример и носител на нивните имиња, секако е Литературното друштво од Торонто чии патрони се токму браќата Миладинови - Димитар и Константин. Со имињата на овие значајни учители и заштитници на македонскиот јазик ( во март 1987) го именував Друштво, кое наскоро ќе ја одбележи 37-годишнината од неговото постоење.

Овој месец се одбележува 161-та годишнина од смртта на Миладиновци. Литературниот прилог ќе биде посветен на нивниот живот и дело, проследени со стихови од поетите од Македонија како и од членовите при Л.Д. „Бр. Миладиновци“ кое со своето творештво и активности во македонската заедница претставува мост кој го сврзува минатото со сегашноста. Следува цитат од песната НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ, од Алексо Лозановски:

**Вие наши просветители**
**низ Македонија цела**
**почнавте како учители**
**по градови и по села.**
**Ко поети од добар род**
**напишавте многу творби,**
**за својот народ и тешки борби.**

Времето во кое живееја македонските учители и преродбеници е од голема важност во македонската книжевна историја бидејќи со нивното дело се вбројуваат во редот на првите будители на националната свест и борци против погрчувањето. Тие се бореле во училиштата да се воведе родниот мајчин јазик. По повод 161-та годишнина од нивната смрт, ќе го прославиме животот и делото на овие знаменити македонски синови. Историското минато и сегашноста на градот Струга е тесно поврзан со нивните имиња :

Во Струга се родија
најдобрите наши синови, тоа беа
Димитар и Константин Миладинови.

Нивниот живот претставува неразделна целина во творештво и борбата против секој непријател на македонскиот јазик. Живееја во времето кога се одвиваа крупни промени во општествено-политичкиот и културниот живот во Македонија, по укинувањето на Охридската архиепископија. Струга подпаднала под Цариградската патријаршија која



преку школите и црквите ја ширела елинизаторската култура во Македонија. Во овие услови браќата немале можност да се школуваат на мајчин јазик, зашто во училиштата предавале грчки учители. Со текот на нивното учителствување се соочувале со суровата стварност на општеството. Во македонската литература ќе ја зацртаат нивната тажна биографија која со вистината на поетскиот збор ќе биде опишана во песната на поетот Томе Богдановски од Македонија:

**„Го собравте народното**
**богатство,**
**и го засолнавте од прашината**
**на вековите,па станавте**
**најбогати народни учители.“**

Животната патека на овие„ народни учители“ тешко може да се издвои бидејќи тие се неразделна целина, со една цел: будење на националната свест кај народот и заштита на македонскиот јазик.

**Димитар Миладинов (1810 - 23 јануари 1862)** бил најстариот син меѓу осумте деца во семејството Миладинови. Основно образование завршил во манастирот Св. Наум. Учителствувал во Охрид, Струга, Битола, Магарево и Трново. Во средината на 19 век се борел против асимилацијата на грчките учители и свештеници. Во училиштата го воведува македонскиот народен јазик и го издал учебникот „Буквар за употреба во македонските училишта“ Поради неговите напредни идеи дошол до сукоб со охридскиот митрополит Мелание. Бил затворен во занданите на Струга, Битола и Солун, а во 1861, во Цариградскиот затвор. Од голема важност е собирачката дејност на народни песни и приказни. Заедно со Константин подготвиле „Зборник на македонски народни песни“ со кого за првпат сме се претставиле пред светот како народ со богата традиција и творечки талент поради кое се соочувале со непријателите и биле малтретирани.

Константин Миладинов (1830-18 јануари 1862) е најмладиот син во семејството Миладинови кој ги следел стапките на неговиот брат Димитар. Иако разликата во години била голема, условите во кои живееле ќе ги зближат повеќе во борбата против ѕверската асимилација и „грчката црковна тиранија“ и застануваат на чело на македонската преродба. По завршувањето на гимназија во Јанина учителствувал во Струга, Трново и Магарево. Изучувањето на старословенскиот јазик беше од големо значење за неговата идна творечка дејност. Како соработник на својот постар брат Димитар, кој ја почна борбата против политиката на грчката црква, заедно застанаа на чело на македонската преродба. Во 1856 г. во Москва на Историско-филолошкиот факултет ја проучувал словенската книжевност и ги редактирал народните песни. Инспириран од македонската народна поезија Константин ја започнал својата поетска дејност која покасно ќе го возвиши во еден од најголемите и најомилени поети од времето на преродбата. Токму таму, во далечнини се раѓа основоположникот на убавата македонска уметничка поезија. Бидејќи Зборникот не можел да го отпечати, многу се разочарал, а од студената зима се разболел. Осамен и исполнет со силна љубов по родниот крај, ја напишал својата најубава песна „ТАГА ЗА ЈУГ“ во која носталгијата добива кулминација кога поетот сака да добие орелски крила за да прелета во родниот крај...

**Дајте ми крилја ја да си метнам**
**и в наши страни да си прелетнам;**
**на наши места ја да си идам,**
**да видам Охрид, Струга да видам...**

Во 1860 г. ја напушта Москва и во Виена се сретнал со хрватскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер, по чија заслуга на 24 јуни 1861 г. во Загреб е објавен Зборникот на македонски народни песни. По излегувањето на Зборникот, Константин бил затворен; неговиот брат Димитар брза да му помогне, но наклеветен од фанариотите и тој се нашол во затвор:- „Зазборивте со Зборникот од мудростите на народ и ве зазанданија во голем град Цариград“

Во јануари, 1862 г. во Цариградските зандани трагично згасна животот на браќата Миладиновци. Смртта го спрече Константин да го види родниот крај со бистрото езеро и „ божевата хубавина“. Овој најпопуларен поет иако живеел само 32 г. ја украсил македонската литература со оригинално и убаво творештво на македонски јазик со дијалектниот струшки говор. Напишал само 15 песни со социјални, патриотски и љубовни мотиви, најпопуларна му е љубовната песна за убавата мома БИСЕРА:

**Бисеро моме, Бисеро,**
**Шчо носиш бисер на грло?**
**Твоето грло хубаво**
**и от дробнаго бисера**
**Хилјада пати побело ...**

Благодарение на Зборникот кој претставува монументално дело во 19 век, многу народни песни зачувани се од заборавот и се инспиративна тема во современата поезија. Песните на Константин пропратени со ритамот на македонските народни песни претставуваат непроценливо наследство во македонската литература. Тие беа свесни за нивното дело и веруваа во него. Димитар тоа го потврдува со зборовите: „Јас го посеав семето, а вие бидетен живи да го ожнеете неговиот плод !“ А плодот е видлив: Во Струга секоја годинан се одржуваат „Струшките вечери на поезијата“ Членовите при ЛД „Браќа Миладиновци“ ги слават и ги афирмираат со низа активности. Нивната слава вечно ќе трае и ќе бидат инспирација за идните поети и уметници.

**СРЕЌНА НОВА 2024 ГОДИНА !**
**- ЧЕСТИТ БОЖИЌ !**

# ПРОМОЦИЈА НА ТРИ ПУБЛИКАЦИИ НА СЛАВЕ КАТИН ВО ТОРОНТО

**Во организација на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ од Торонто, Канада, кое е во состав на Катедралната македонската православна црква “Свети Климент Охридски”, на 14-ти декември 2023 година, се одржаа промоции на три дела на Славе Катин и тоа: „Избор на трудови“, „Огледало“ и „Александар Македонски“. Овој културен наста го благослови свештеникот на Црквата Сашо Целески, а Зоран Карапанчев, претседателот на Друштвото ја отвори манифестацијата и зборуваше за делото „Огледало, Потоа, Драгица Димовска, уредник и водител на радио часот „Обединета Македонија“ од Торонто, ја промовираше публикацијата „Избор на трудови“, додека романот „Александар Македонски“ го претстави Димитар Цонев, координатор на Друштвото. На присутните им се обрати и авторот Славе Катин.**







Во своето излагања за публикацијата „Избор на трудови“, Драгица Димовска рече дека ова е дело на Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје и дека е печатено во 2023 година на 430 страници на македонски јазик, чиј спонзор е бизнисменот Ѓорѓија Џорџ Атанасовски од САД, а рецензенти се се Душан Ристевски-Македон од Австралија и д-р Џорџ Бранов од Канада. Публикацијата претставува исцрпен осврт за дел од објавени трудови на Славе Катин кои се однесуваат на вистината на неговото творештво, за македонското иселеништво ширум светот, за црковно-духовниот живот, за голем број познати личности и други текстови поврзани со етничка Македонија.



Делото „Избор на трудови“ е посветено на публицистичката дејност на Славе Катин, кој е истакнат и докажан новинар, духовен посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја, автор на 62 публикации и на околу 5.000 новинарски и други текстови, од кои 22 публикации се со името Македонија, 20 монографии за познати личности од дијаспората и Македонија, 7 лексикографски изданија и други различни дела.

Исто така, тој е познат, признат, уважен и респектиран на низа полиња и децениски потврден во македонските заедници во светот, македонските православни општини, цркви и манастири, како и македонските друштва, информативните гласила и друг вид асоцијации во дијаспората, рече Драгица Димовска.

За публикацијата „Огледало“ Зоран Карапетров рече дека тоа е дело на „Македонска искра“ од Скопје, и е спонзорирано од Ѓорѓија - Џорџ Атанасоски“ од САД. Делото е отпечатено на 140 страници, на македонски и на англиски јазик. Рецензенти на оваа публикација се: Гордан Јорданов, директор на организацијата „Обединета македонска дијаспора“ од Вашингтон, за Македонија и Европа и Душан Ристевски-Македон, поет, драматург, публицист, основач и претседател на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј.

Делото „Огледало“ е посветена на Славе Катин и добивањето на престижната „Награда за животно дело 2022“ од организацијата „Обединетата македонска дијаспора“ од Вашингтон, САД. Оваа награда му беше доделена на Славе Катин на 5-тата Глобална конференција на ОМД во Скопје, Македонија, која се одржа во јули 2023 година. Поради здравствени причини, Славе Катин не присуствуваше на Конференцијата, но наградата ја прими неговата ќерка Дафинка Катин Скатоца и внуката Изабел Катин Скатоца, кои живеат во Рим. По овој повод Славе Катин ја припреми публикацијата „Огледало“ со цел да го отслика неговото 50 годишно творештво и одбележи неговиот 82 роденден и, секако, да се одбележи добивањето на оваа престижна награда.

Покрај Славе Катин, досегашни добитници на „Наградата за животно дело“ се и поранешниот претседател на Република Македонија Киро Глигоров, Џон Битов и Џејмс Сандерс од Канада, Џорџ Атанасоски, Атанас Коларовски и Луј Влашо од САД и Мик Веловски од Австралија.

Исто така, во публикацијата „Огледале“ се дадени текстови за Славе Катин кој е добитник на наградата „Повелба за животно дело“ што ја доделува Советот на Пелагониските средби од Новаци-Битола за неговиот севкупен труд, дела, дострели и придонес во науката, културата, новинарството, религијата и општественото живеење, за „Наградата за животно постигнување во творештвото“, која му беше влачена на „49-те Иселенички Љубински средби“ во Љубојно, Преспа, и за престижната награда „Крсте Петков Мисирков 1991“ што ја доделува Здружението на новинари на Македонија од областа на журналистиката,. Инаку Славе Катин е почесен член во литературните друштва „Браќа Миладиновци“ од Торонто, Канада и “Григор Прличев“, од Сиднеј, Австралија, и доживотен волонтерски член во фондацијата „Атанас Близнаков“ на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За историскиот роман „Александар Македонски“ чиј рецензенти се д-р Владан Велков и Александар Донски, зборуваше Димитар Цонев. Тој, меѓу другото рече дека романот е издание на Книгоиздателството “Македонска искра“ од Скопје. Тој е отпечатен на македонски јазик, на 540 страници и претставува значаен придонес и прилог кон осветлувањето на голем број аспекти за древноста и континуитетот на историската вистина за Античка Македонија.

Во историјата Александар Македонски ќе остане запаметен како најголем светски војсководец и непобеден воин, творец на новиот свет, на новиот поредок. Римјаните кои ќе тргнат по стапките на античките Македонци, ќе го наречат „Alexander Magnus“ (Александар Велики).

Така и германскиот научник Улрих Вилкен (Ulrich Wilcken) во историскиот роман ќе го нарече ALEXANDER THE GREAT (Александар Велики), кој е преведен и приспособен од англиски на македонски јазик како „Александар Македонски“ од Славе Николовски-Катин, а во издание на Издавачката куќа „Мисла“ од Скопје, во 1988 година, на 390 страници. Овој превод беше прво дело за Античка Македонија на македонски јазик.



Благодарение на порталите „Македонска нација“ од Македонија и „Мактел“ од Австралија, романот „Александар Македонски“ беше печатен во континуитет скоро година и половина, во стотина продолженија, со цел широката читателска публика да се запознае со вистината и со ликот, како и со делото на големиот стратег, мислител и дипломат – Филип II Македонски и со неговиот син – најголемиот досега воин, освојувач на земји и цар на силното Македонско Царство – Александар III (Велики) Македонски.

Во ова дело коавтор е Георги Бранов, по потекло од селото Буф, во Егејска Македонија, доктор по ветеринарни науки кој педесетина години живее во Канада и ја брани вистината за Македонија, особено за Античка Македонија. Тој е еден од Македонците кој најмногу се запознал и го почитува историскиот развој и вистината за Александар Македонски и Античка Македонија од автори кои пишуваат за оваа проблематика на англиски јазик. Затоа неговиот придонес има големо значење во ова дело, насловено „Александар Македонски

**Вера Вржовска-Петревска**




# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

## Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

## Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

## Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

## Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

## Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

## MACEDONIAN OPEN

The Macedonian Open is one of Canada's longest running golf tournaments and today is Canadian Macedonian Place Foundation's largest annual fund raising event.

Over the years the Macedonian Open has raised over $1,200,000 in net proceeds for the benefit of Canadian Macedonian Place and other charitable causes supported by the current registered charity, Canadian Macedonian Place Foundation.

CMPF
MACEDONIAN
OPEN

**Experience The 80th Annual Macedonian Open Golf Tournament**
**ANGUS GLEN GOLF CLUB**
**DATE: MONDAY, JULY 8TH, 2024**







**850**
**O' Connor Drive**
**Toronto On**
**M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;**
**Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;**
**Располагаме и со паркинг места за станарите;**
**Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:**
**Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com**
**MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com**
**sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**

# RECORD ATTENDANCE AT THE 2023 ST. CLEMENT PATRON DAY BANQUET

**THE MACEDONIANS IN CANADA PAID A WORTHY TRIBUTE TO ST. CLEMENT OF OHRID, THE PATRON SAINT OF THE CATHEDRAL CHURCH "ST. CLEMENT" IN TORONTO AND PROTECTOR OF MACEDONIA, THE CITY OF OHRID, AND THE MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH**



On December 8th and 9th, 2023, the great Macedonian religious holiday of St. Clement of Ohrid –the patron saint of the largest Macedonian Orthodox church in Canada, St. Clement of Ohrid in Toronto, was celebrated with all honors.

To mark the occasion, divine liturgies were held in St. Clement's Cathedral attended by parishioners and believers from the entire Macedonian community in Canada.

This year's godfather was Zoran Trifunovski with his family, who during his speech at the banquet ceremony, thanked St. Clement and God for the recent birth of their first child.

At the banquet, filled to capacity in the festively decorated large hall of St. Clement, the program began with the singing of the Canadian and Macedonian national anthems. The Reverend Fathers from the host church Father Sasho Celeski and Father Aleksandar Todorovski, as well as the President of the church administration Boris Stoikos and the godfather of the event Zoran Trifunovski addressed the guests with memorable greetings. Later, the holy bread, wine and wheat were blessed by the holy Fathers in attendance. and godfathership of the patron day was handed to Nikola Josifovski from Ohrid and his family for the following year.

The program was led by the young and patriotic tandem, the Vice-President of the St. Clement church administration, Christian Rostankovski, and Hristina Veljanovska.

The evening's program also included the awarding of certificates of appreciation – icons of St. Clement of Ohrid ¬– to the most meritorious in their support of the church St. Clement of Ohrid, especially during the difficult times of the pandemic. Deserving thanks were given to the following individuals:

Vlade Dimitrievski, Dushko Petkoski, Zivko Mojanchevski, Brian Pandovski, Mitko Rostankovski, Evda Gushevski, Lidija Brasnarski Gurbanska, Nikola Josifoski, Aleksandar Bakreski, Zoran Karapanchev. Slave Dimitrov, Tina Nanov, Zoran Trifunovski and Zoran Petkovski.

In the cultural, artistic portion of the program, the students from the St. Clement Sunday school, led by the teacher Snezana Tesovic, performed holiday songs in English and Macedonian, musical solos and dramatic skits. For the first time, the students performed Saint Clement's song, followed by the songs "The Eternal God", a Christmas song, Song for Santa Claus, "Jingle bells" and "We wish you a Merry Christmas". It was a great joy to hear their beautiful voices and extraordinary performance. The student Marija Lazarevska presented us with two piano compositions. The evening was enriched by the dramatic performances "The Wolf and the Cat" by Angelina and Jovan Todorovski, Izabela Petrovska with the recital "The children are begging you", and Ana Jordanoska "There is more beautiful than beautiful".



The parish priest, Father Aleksandar Todorovski, according to the words of Mrs. Tešovic, provided enormous help and support during the preparation and practice of the songs.

The Folklore Ensemble "Macedonka" performed with songs and dances from Macedonia including a performance of the famous "Kalajdzisko" dance featuring authentic Macedonian costumes and traditional "tepsii". The president of St. Clement Boris Stojkos received a framed motif at the ceremony – flowers from the Nobel-



Prize-nominated Macedonian painter Zivko Cvetin. Thiswas presented to him by the writer Vera Samarjanin.

The entertainment that followed the delicious salmon dinner was led by Sonja and Oliver Band and Steve Šturevski who performed Macedonian songs and dances from all parts of Macedonia.

**Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто**
**Macedonian Orthodox Calendar 2024 (by father Sasho Celeski)**

## 2024 ЈАНУАРИ 31 ден

| Д | нов | стар | КОЛОЖЕГ |
|---|---|---|---|
| П | 1 | 19 | Св. мч. Бонифациј; св. Григориј Омирит. (Грег.Нова Год.) |
| В | 2 | 20 | *Прет. на Рожд.*; †св. Игнатиј Богон.; св. Јован Кроншт. |
| С | 3 | 21 | Св. мч-чка Јулијана и 630 мч-ци со неа |
| Ч | 4 | 22 | Св. вмч-чка Анастасија и др. |
| П | 5 | 23 | Преп. Наум Охридски; преп. Нифонт Чудотворец |
| С | 6 | 24 | Преп. мч-чка Евгенија; преп. Николај Монах (***Бадник***) |
| | | | Н. 31 по Педесетница, Гл 6; Ев.В.2 На Литургија Апостол Гал (4,4-7); Ев. Мт 3 (2, 1-12) |
| Н | 7 | 25 | Рождество на Господ Исус Христос – БОЖИК |
| П | 8 | 26 | Собор на Прес. Богородица; **преп. Никодим Прилепски** |
| В | 9 | 27 | Св. првомаченик и архиѓакон Стефан |
| С | 10 | 28 | Св. 20.000 Никомидиски мч-ци; преп. Симеон Мироточив |
| Ч | 11 | 29 | Св. 14.000 Витлеемски мч-ци |
| П | 12 | 30 | † **Св. Гаврил Велички**; св. мч. Анисија; пр. Теодора Царигр. |
| С | 13 | 31 | *Одд. на Рожд.*; преп. Меланија Рим.; бл. Теофилакт Охрид. |
| | | | Недела 32 по Педесетница по Рожд. Христово, Гл. 7; Ев.В.10, На Литургија Апостол 2 Тим (4, 5-8); Ев. Мк 1 (1, 1-8) |
| Н | 14 | 1 | Обрезание на Господ Исус Х.; св. Василиј Вел (Пр. Н. Год.) |
| П | 15 | 2 | *Претпр. на Богојав*; св. Силвестер; преп. Серафим Саров. |
| В | 16 | 3 | Св. пр. Малахиј; св. мч. Гордиј; св. Геновева Париска |
| С | 17 | 4 | Собор на св. 70 ап-ли; преп. Теоктист; преп. мч. Онуфриј |
| Ч | 18 | 5 | *Водокрст;* † св. мч-ци Теопемпт и Теона; *(пост)* |
| П | 19 | 6 | Богојавление – Водици |
| С | 20 | 7 | Собор на св. Јован Крстител |
| | | | Недела 33 по Педесетница, ***по Богојавление***, Гл. 8; Ев. В 11, На Литургија Апостол Ефес (4, 7-13); Ев. Мт 8 (4, 12-17) |
| Н | 21 | 8 | †**Св. Григориј Охридски**;св. Георгиј Хозевит;преп.Домника |
| П | 22 | 9 | Св. мч. Полиевкт; св. Евстратиј; св. Филип Московски |
| В | 23 | 10 | Св. Григориј Ниски; св. Маркијан; св. Теофан Затворник |
| С | 24 | 11 | † **Преп. Јоаникиј Ракотински**; преп. Теодосиј Велики |
| Ч | 25 | 12 | Св. мч-чка Татјана; св. мч. Петар Авесаламит |
| П | 26 | 13 | Св. мч-ци Ермил и Стратоник; преп. Максим Капсокаливит |
| С | 27 | 14 | *Одд. на Богојавление*; св. Нина Грузиска; св. Сава Српски |
| | | | Недела 34 по Педесетница, Гл. 1; Ев. В 1, На Литургија Апостол Кол (3, 12-16); Ев. Лк 91 (18, 18-27) |
| Н | 28 | 15 | † **Преп. Гаврил Лесновски**; **преп. Прохор Пчињски** |
| П | 29 | 16 | † **Чесни вериги на св. ап. Петар**; св. Ромил Раванички |
| В | 30 | 17 | † **Преп. Антониј Велики; св. Теодосиј Вел.; св. Георгиј Јан.** |
| С | 31 | 18 | † **Св. Атанасиј Велики; св. Кирил Александриски** |

## 2024 JANUARY 31 days

| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
|---|---|---|---|
| M | 1 | 19 | St. Boniface, Martyr (Gregorian **NEW YEAR**) |
| T | 2 | 20 | † St.Ignatius the Godbearer, st. John of Kr.(*Antef.of Nativity*) |
| W | 3 | 21 | St. Juliana of Nicomedia, Martyr and 630 Martyrs with her |
| T | 4 | 22 | St. Anastasia, Great Martyr |
| F | 5 | 23 | Venerable Naum of Ohrid |
| S | 6 | 24 | St. Eugenia, Martyr (*CHRISTMAS EVE*) |
| | | | 31st Sunday after Pentecost, Tone 6, Res. Gospel 2; on Divine Liturgy: Gal. (4,4-7); Mt. 3 (2, 1-12) |
| S | 7 | 25 | Nativity of our Lord Jesus Christ (*CHRISTMAS*) |
| M | 8 | 26 | Synaxis of the all Holy Mother of God; **St. Nicodim of Prilep** |
| T | 9 | 27 | St. Stephen, Apostle, Archdeacon and First Martyr |
| W | 10 | 28 | 20,000 Martyrs of Nicomedia: St. Dominica, martyr |
| T | 11 | 29 | 14,000 Holy Innocents of Bethlehem |
| F | 12 | 30 | † **St. Gavril Velichki;** St. Anysia, martyr |
| S | 13 | 31 | St. Melanie, venerable *(Apod. of Nativity)* |
| | | | 32nd Sunday after Pentecost, Tone 7; Res. Gospel 10; on Divine Liturgy. 2 Tim (4, 5-8); Mk. 1 (1, 1-8) |
| S | 14 | 1 | Circumcision of our Lord; St. Basil the Great (Orth.NewYear) |
| M | 15 | 2 | St. Silvester; St. Seraphim of Sarov *(Antef. of Epiphany)* |
| T | 16 | 3 | St. Malachias, prophet; St. Gordius, martyr |
| W | 17 | 4 | Synaxis of the 70 Apostles; venerable Theoctistus |
| T | 18 | 5 | † Sts. Theopemtus and Theona - *BLESS WATERS ( fast)* |
| F | 19 | 6 | Theophany – Baptism of our Lord |
| S | 20 | 7 | Synaxis of St. John the Baptist |
| | | | 33rd Sunday after Pentecost, **After Theophany**, Tone 8; Res. Gospel 11; on Divine Liturgy: Eph. (4, 7-13); Mt. 8 (4, 12-17) |
| S | 21 | 8 | † **St. Gregory of Ohrid**; St. George, the Chozebite |
| M | 22 | 9 | St. Polyeuct, martyr; St. Eustatius, venerable |
| T | 23 | 10 | St. Gregory of Nyssa; St. Dometian |
| W | 24 | 11 | † **St. Joanikij Rakotinski;** St. Theodosius The Great |
| T | 25 | 12 | St. Tatiana, martyr |
| F | 26 | 13 | St. Hermylos and Stratonicus, martyrs |
| S | 27 | 14 | St. Sava; St. Nina of Georgia *(Apod. of Theophany)* |
| | | | 34th Sunday after Pentecost, Tone 1; Res. Gospel 1; on Divine Liturgy: Kol. (3, 12-16); Lk. 91 (18, 18-27) |
| S | 28 | 15 | † **St. Gavril Lesnovski; St. Prohor Pchinski** |
| M | 29 | 16 | † **Feast of St. Peter's Chains** |
| T | 30 | 17 | † **St. Anthony the Great** |
| W | 31 | 18 | † **St. Athanasius the Great; St. Cyril of Alexandria** |







# SB Video

Weddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthdays
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

bozarovskistefo@aol.comPhone: 416 -299-7710/ Cell: 647-617-7931

Funded by the Government of Canada | Canada

## AR All-Risks Insurance
BROKERS LIMITED

Auto | Home | Life | Commercial

Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9

Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com

**Такси Томче Битола**

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.

Такси превоз низ цела Македонија
и надвор од неа.
25 годишно искуство како професионален такси возач.

**Тел: 070 743 330**

Fm98,7MHz STEREO
РАДИО МЕФФ
+ 389 48 411111
www.radiomeff.mk

**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**

https://www.youtube.com/user/Oro-MakedonskoChicago

## Oro Makedonsko
https://www.facebook.com/oro.makedonsko

*Boshko Rajchvski - Pelisterski*
*810-335-5552*




VIC DEJANOVIC
REAL ESTATE TEAM
RE/MAX HALL OF FAME
RE/MAX Hall Of Fame 2021
TITAN
RE/MAX TITAN AWARD 2022
TOP 1% TRREB
2020-2022
Born and raised in Skopje, Macedonia, Vic Dejanovic takes pride in offering exceptional service for the Macedonian community.
Vic's award winning service has brought him great success and has put him on a level above the rest.
Servicing GTA, Durham Region, Northumberland County, Peterborough, and Kawartha Lakes.
We are proud to be in the top 1% on TRREB.
SOLD
201-125 CARLAW AVE TORONTO
FOR SALE
3920 COUNTY ROAD 14 ENTERPRISE
SOLD
25 FINEGAN CIRCLE BRAMPTON
SOLD
25 COLLEGE ST #205 BELLEVILLE
SOLD
23 PARKVIEW HTS QUINTE WEST
SOLD
3723 HOLDEN CRES MISSISSAUGA
SOLD
159 YACHT DRIVE CLARINGTON
SOLD
1051 SIMCOE ST N OSHAWA
SOLD
267 LIBERTY ST N BOWMANVILLE
SOLD
24 HOBBS DRIVE CLARINGTON
SOLD
23 SOMERSCALES DR BOWMANVILLE
SOLD
316-8 DAYSPRING CIRCLE BRAMPTON
SOLD
222 OSHAWA BLVD OSHAWA
SOLD
124 ASPEN SPRINGS DR UNIT 304 BOWMANVILLE
SOLD
1075 TOWNLINE RD N CLARINGTON
CALL TODAY FOR YOUR COMPLIMENTARY MARKET ANALYSIS OF YOUR HOME
DIRECT 416-835-3341
905-924-4250
vic@remaxrougeriver.com
www.sellwithvic.com
RE/MAX ROUGE
RIVER REALTY LTD. BROKERAGE
INDEPENDENTLY OWNED AND OPERATED
SCAN ME
NOT INTENDED TO SOLICIT THOSE ALREADY UNDER CONTRACT


On behalf of the Executive and Staff of
The Carpenters' Union Local 27, we would like to wish
everyone a safe and Happy Holidays!
CARPENTERS
& ALLIED WORKERS
LOCAL 27
222 Rowntree Dairy Road | Woodbridge, ON L4L 9T2 | T: 905-652-4140 | www.ubc27.ca
@carpenters27
https://thecarpentersunion.ca/inclusive-workplace/

**• На 1 јануари во државите кои го користат грегоријанскиот календар од полноќ, 00:01 часот, со огномет започнува да се слави почетокот на Новата Година.**

**- На 4 јануари 1992 година** Владата на Република Македонија донесе одлука со која 7 јануари - првиот ден Божик, се прогласува за неработен ден. Ова е прв пат во Македонија верски празник и официјално да биде прогласен за неработен.

**-На 6 јануари 1916 година на Бадник,** кај месноста Дервишка Нива, Бугарската војска извршила колеж врз 103 жители на Поречието. Масакрираните луѓе биле фрлени во ископ.

**-На 6-ти јануари се празнува Бадник.**

Бадник или Коледе — денот пред роденденот на Исус Христос (Божиќ), според христијанската традиција. Според јулијанскиот календар, по кој се раководи Македонската православна црква, Бадник паѓа на 6 јануари секоја година, а Божиќ на 7 јануари. Суштината на празникот е во радоста на христијаните пред големиот ден — Христовото раѓање. Истовремено, со овој ден завршуваат и Божиќните пости.

Традиционално, Бадник се прославува кај сите христијани, но црквите кои го користат грегоријанскиот календар го прославуваат на 24 декември. Кај сите христијански народи има низа обичаи за Бадник, особено поврзани со Бадниковата вечера.

**Зборот Бадник веројатно доаѓа од старословенски - да бидеш буден.**

**Сечење Бадник**

Во најголем дел кај Јужните Словени, како Бадник е младо дабово дрво, сер, ретко бука или ела. Најчесто се сечел еден бадник. Домаќинката врши подготовка: ја чисти куќата (во древните времиња се сокривале троножни столчиња, вретена, кудели, вили и др.), подготвува посна храна, го меси обредниот леб. Бадникот не се внесува во куќата сè до првиот самрак, најчесто се оставал прислонет на ѕид.

**На 7-ми јнауари се празнува Божиќ**

Божиќ (Божик или Рождество Христово— денот на Христовото раѓање според христијанската традиција. Тоа е втор најголем празник во христијанството, по Велигден. Црквите кои го користат грегоријанскиот календар, вклучувајќи ги сите католички, протестантски и повеќето православни цркви, го прославуваат на 25 декември. Црквите кои го користат јулијанскиот календар, вклучувајќи ја и Македонската православна црква, го прославуваат Божиќ на 7 јануари.

Со вечерата на денот пред Божиќ (Бадник) завршуваат предбожиќните пости.

Во повеќето земји во светот со значителен дел на христијанско население, вклучувајќи ја и Македонија, Божиќ е празник и неработен ден.

**На 8-ми јануари 1951 година починал Војдан Поп Георгиев - Чернодрински.**

(Селци, Малесија, 15 јануари 1875 - Софија, 8 јануари 1951)

Тој бил истакнат македонски писател, патриот, револуционер, театарски режисер, артист и основоположник на македонскиот театар. Псевдонимот Чернодрински потекнува од реката Црн Дрим која тече крај неговото родно село.

Војдан Поп Георгиев е првиот македонски драмски автор во чии дела прозвучи мајчиниот, македонски, јазик. Тој бил доста коректен кон македонскиот јазик и еден од основните критериуми за членство на глумци во неговата драмска група било солидно познавање на македонскиот јазик. Сите негови драмски дела обработуваат теми и проблеми од секојдневниот живот на Македонците и борбата за слобода. Тој со своите текстови го бодрел и храбрел македонскиот народ. Тој со своите ставови за македонскиот идентитет и со своите залагања за организирање на востание за конечно ослободување на Македонија, здобил големи симпатии како од македонската, така и од странската јавност.

Во 1929 година, Војдан Поп Георгиев отишол во посета на еден дом за сираци каде им подарил примероци од својата драма Македонска крвава свадба. По тој повод, Војдан изјавил:

Се надевам дека по прочитувањето на книгава секој питомец добро ќе го запомни прочитаното и никогаш не ќе го заборави јазикот на кој е напишана, јазикот на кој зборувале неговите прадедовци, родители и роднини и на кој ќе зборуваат и покрај физичкиот и морален терор на сегашните поробители на татковината Македонија, сите идни поколенија што ќе ја населуваат оваа света земја.

**-На 1 јануари според стариот (односно 14 јануари според новиот) календар македонскиот народ празнува три празници: Обрезание Господово, Свети Василиј Велики и Православна Нова Година.**

Честит Имменден на сите кои празнуваат: Васил, Василка, Васка, Весела, Веска, Нове, Новка...

Првиот ден од православната Нова година се слави празникот за Свети Василиј Велики, или познат како Василица. Голем број македонски семејства Василица ја празнуваат како домашна слава, а оние кои го носат името на Свети Василиј Велики го слават својот именден.

На Василица верниците кршат лепче со паричка и се верува дека оној кому ќе му се падне паричка ќе биде среќен во текот на целата година.

Инаку, Свети Василиј Велики е еден од тројцата најголеми црковни учители од четвртиот век. Родум бил од Кападокија, а завршил школо во Атина. Тој бил голем христијански филозоф, а се прославил и како епископ и заштитник на чистотата на православното учење. Свети Василиј Велики се упокоил на 14 јануари во 379 година.

**•На 19 јанауари се прославува Водици или Богојавление** — денот на кој според христијанското предание Св. Јован Крстител го крстил Исус Христос во реката Јордан.

Се прославува на 19 јануари кај црквите што го користат јулијанскиот календар (вклучувајќи ја и македонската), а на 7 јануари кај црквите што го користат грегоријанскиот календар). Со тоа му се дава значење на крштевањето како една од повеќетосвети тајни на христијанството. Крштевањето значи и духовно раѓање, односно почеток на човековото живеење во верата. Затоа кумот се смета за духовен родител на крстениот и најблизок роднина. Со овој празник завршуваат не само дванаесетте т.н. Некрстени денови туку и циклусот зимски празнувања во кој спаѓаат уште и свеченостите поврзани со Бадник, Божик, Нова Година (Василица) и сл.

-На 19 јанаури 1871 година во селото Смилево, се родил македонскиот револуционер, еден од основачите на ТМОРО, Дамјан Груев. Се школувал во родното село Смилево, Ресен и Битола, Солун и Белград и во Софија, каде што студирал историја на Високата школа. Во Солунската егзархиска гимназија Св. Кирил и Методиј (1887/1888) учествувал во големиот бунт на учениците во борба против бугарската пропаганда во Македонија, со барање за воведување во настава на македонски народен говор, а во Гимназијата во Белград во бунтот против српската пропаганда .

**•На 21 јанаури во Тетово во 1909 година** роден е Тодор Скаловски македонски композитор, хорски и симфониски диригент. Автор е на голем број вокални, вокално-инструментални и сценски композиции, а покрај творештвото и диригирањето се занимавал со педагошка работа и организација на музичкиот живот во современа Македонија. Починал на 1 јули 2004 во Скопје.

• На 23 јанаури 1862 година починал Димитар Миладинов, познат македонски народен преродбеник, поет, учител, публицист, собирач на народни умотворби, основач на македонската етнографија. Неговата поезија е со изразит лирски темперамент, а неговото творештво се состои од неколку лирски целини. Заедно со својот помлад брат Константин водел организирана борба против денационализаторството, пенхелизмот и политиката на грчката влада на македонските подрачја.

Роден е во семејството на грнчарот Ристе Миладинов и неговата сопруга Султана Миладинова. Основно училиште завршил во Струга.

• На 26 јануари 1946 година излезе од печат првата граматика на македонски јазик што ја напиша професорот Круме Кепески.



**Круме Кепески**







# Превоз на стоки за и од Америка и Канада со брод и авион



Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Европа.

**ПРЕВОЗ НА СЕ' - ОД ПИСМО ДО КОНТЕЈНЕР**

**Пакети со подароци, пренесување на покуќнина, комерцијална стока, машини, автомобили, бродови, мотори, хуманитарни пратки и друго.**

**Пратките можеме да ги подигнеме од вашата адреса и да ги спакуваме за транспорт.**

**За компании и поединци ги обезедуваме:** потребната логистика при истражувањето на пазарот за увоз и извоз на стоки и услуги, работиме консалтинг, вршиме маркетингшки промоции и сл..

На ваше барање извршуваме комплетна царинска процедура и испорака на пратки на посакуваната адреса.

**MTT -GROUP 309 Armstrong Ave. Georgetown, On L7G 4X6**

email: canadatransport1@yahoo.ca Call Centre: 416-251-4544 Cell: 416-939-0513; 226-606-2892; 647-909-0970




*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE

O'Connor Bros & Ralph Day Chapels


**СЕЌАВАЊЕ НА МИРЧЕ БРЗАКОВСКИ**

***СЕКОГАШ САКАН, НИКОГАШ ЗАБОРАВЕН, ЗАСЕКОГАШ ВО НАШИТЕ СРЦА...***

Изминаа три тажни месеци кога за последен пат се збогувавме со нашиот татко, дедо, прадедо Мирче Брзаковски.
Почина на 7-ми октомври 2023-та година во 86-та година од животот.
Беше роден во селото Кучевиште, Скопје,
Македонија на 24 јули 1937-ма година.

Засекогаш ќе биде во нашите срца, во нашите мисли.
Нека чекори со ангелите по божјиот пат до царството небесно до вечниот мир.

Од сопругата Верка, ќерките Душанка и Сузана, зетот Владимир,
внуците Павле, Мирче Сандра, Росана, Александра и Виолета,
правнуците Ема, Лука, Петар и Тео.



## АФОРИЗМИТЕ НА ТАШКО КУБАНОВСКИ

-Не разликуваше ни муле од магаре-па на коњ го качија.

-За него велеа: ,,Од него оџак не чади!'' – а сега тој пали, тој гаси.

-Колку повеќе јазици знаеш, толку повеќе глупости тресеш.

-Од срам разбираат само оние што имаат образ-безобразните немаат поим што е тоа.
-Не успеав да се качам на коњ-некои ,,магариња,, -ме насамарија.

-Голтарите станаа богати, богатите сиромаси, а народот остана со прстот в' уста.
-Комунистите не веруваа во Бога, ас ега се постојано во црква-запнале да им прости.
-Марксистите молат Бога да им го чува капиталот.
-Господа, не учете се на грешките –дошколувајте се!
-Неморално е меѓу толкоцкав народ-толку ненормални.
-Кога славата ќе удри во празна глава, ехото далеку се слуша.
-Колку вреди нештото ќе дознаеш само тогаш кога ќе го изгубиш.

## НОВОГОДИШНИ ВИЦОВИ

### Новата година ќе биде подобра од претходната.

Песимист:
– Новата година ќе биде полоша од старата.
Реалист:
– Пак ќе си се напијам!

### – Среќна Нова година!

И некој од страна му дофрлил:
– А бре каква Нова година сред февруари?
– Февруари?!? Леле, Трпана ќе ме отепа, никогаш не сум се вратил толку касно дома.

**Македонец:** Од границите на балканските земји да фрлиш бумеранг и тој нема да се врати.
***
Минатото ни е страшно, сегашноста неподнослива, цела среќа што немаме иднина.
***

### Казна

Полицаец и приоѓа на жена што вади пари од банкомат:
-Колата паркирана на пешачки, ваша ли е?
-Да.
-Извадете плус 50 евра…

### Полиглот

Го прашале Трпе:
– Трпе колку јазици зборуваш?
– Осум.
-Еј, осум!? Ај кажи нешто на италијански.
– Бонжур.
– Еееe па тоа е француски…
– Епа тогаш девет.

### Дупло

Трпе се враќа мртов пијан. Трпана со висок тон:
– Пак се врати мртов пијан, а?
– Те молам ќути, доволно сум казнет што те гледам дупло.

### Сообраќајка

– Ало братучед, разбрав жена ти ја слупала колата. Да не е повредена?
– Уште не е. Се заклучила во бањата…

### Анкета

Трпана ја застанале на улица да одговори на анкета:
– Добар ден Госпоѓо, дали сте мажена?
– Да.
– Според Вас, што е најважно во бракот?
– Дефинитивно вниманието…
– А зошто вниманието?
– Па, морам да внимавам
да не ме фати маж ми!

### Предавање

Запира полицаец возач во 4 сабајле и му вика:
– Каде одиш?
– На предавање
– На какво предавање?
– На предавање за морални вредности, колку алкохолот штетно влијае врз човечкиот организам, колку цигарите се исто така штетни и колку моето седење во кафана лошо влијае врз мојот социјален живот, врз моите финансии и врз мојот семеен живот ..
– Хаха, абе кој држи такви предавања во 4 саатот?
– ЖЕНА МИ!

### Исхрана

Трпе оди на преглед за висок притисок.
– Не треба да јадеш месо.
– А шо да јадам?
– Па сливи, грозје, круши…
– Јас тоа го пијам, кажи шо да јадам?!

### Одлука

Трпе доаѓа дома и и' се обраќа на Трпана:
– Жено, еве одлучив од денес да не се расправам со тебе..
– Како бе сам си одлучил?!








Секоја сабота
од 9-10 на CHKT AM 1430
Tel. 905-265-2197
dimovskid@rogers.com


## НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!
Да почнеме:
Денес ќе ви дадам идеја како да си направите новогодишен празничен стајлинг :

**1. Лампиони и разни новогодишни украси;**
**2. Зелен тул ;**
**3. Зелен џемпер;**

Зелената мрежа т.н. тул можете да го украсите на следниот начин: најпрвин ќе направите шема и ќе декорирате визуелно , може и да нацртате како што прават вистинските дизајнери. Потоа рачно ќе ги сошиете едно по едно украсите и на крајот ќе ги додадете црвените машнички. Целиот стајлинг ќе го збогатите со новогодишн црвено елече и капата на Алфовите.Новогодишните зелени чорапи во оваа комбинација се задолжителни не ги заборавајте. Доколку најдете во продавниците украсни алфови чевли ќе биде прекрасно! Драги читатели сега е вашиот ред да пробате и да уживате во секоја нова идеја и декорација!

**Во 2024 НОВА ГОДИНА Ви ПОСАКУВАМ БЛАГОСЛОВ И МИР БОЖЈИ ВО ВАШИТЕ СРЦА!СРЕЌЕН БОЖИК ! ВЕ САКАМ СИТЕ!**

**Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.**



# OLD MILL PASTRY & DELI




***WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI***

**Freshly Baked Bread and Pastries**

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

## ACURA PICKERING




FOR ALL
NEW AND USED
**ACURAS**

COME SEE ME FOR NEW AND USED ACURA VEHICLES, MENTION THIS NEWSPAPER AND RECEIVE A **FREE GIFT!**

905-428-8888



**JIM VASILEVSKI**
GENERAL SALES MANAGER

JIMV@ACURAPICKERING.COM

**ACURA PICKERING**
575 KINGSTON RD, PICKERING, ON L1V 3N7 | WWW.ACURAPICKERING.COM | (905) 427-0111